Т Е Х Н О Л А Б доо Скопје
Екологија, безбедност и заштита при работа, технологија, природа
П.фах 827; Бул. К. Ј. Питу бр. 28/3 лок. 24, Скопје; тел/факс: 02 2 448 058; 070 384 194www. tehnolab.com.mk; e-mail: tehnolab@tehnolab.com.mk

ПЛАН ЗА ПОДОБРУВАЊЕНА КВАЛИТЕТОТ НА АМБИЕНТНИОТ ВОЗДУХ ЗА ОПШТИНА СТРУГА

за период 2023-2027

Изработувач:

„ТЕХНОЛАБ“ доо Скопје
Д и р е к т о р
М-р Магдалена Трајковска Трпевска
дипл. хем. инж.

Ажурирано во 2025 од:

Центар за климатски промени

Скопје, 2024 год.

Нарачател:	МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Проект:	ПЛАН ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА АМБИЕНТАЛНИОТ ВОЗДУХ ЗА ОПШТИНА СТРУГА ЗА ПЕРИОД 2023-2027
Подрачје за кое се однесува планот:	ОПШТИНА СТРУГА
Изработувач:	Друштво за технолошки и лабораториски испитувања, проектирање и услуги „ТЕХНОЛАБ“, ДОО, Скопје
Главен координатор и лидер на проектот:	м-р Магдалена Трајковска Трпевска, дипл.хем.инж, Експерт за оцена на влијанието на проектите врз животна средина
Проектен тим:	Елизабета Стефанова, дипл. инж. по информатика Бранкица Костова, дипл. маш. инж Игор Ивановски, дипл. ек. Елена Трпчевска, дипл.инж. технолог М-р Александар Христу-Каневче, дипл. инж. за жив. средина Александар Милорадовиќ, дипл. инж. по заш. на жив. срд. Александар Маневски, дипл. маш. инж Бошко Блажевски, градежен техничар, технички соработник за заш.на ж.с Славе Лазаревски, градежен техничар, технички соработник за заш.на ж.с проф. д-р Драган Ѓорѓев доц. д-р Мирјана Димовска
Период на изработка:	Ноември 2022- Јануари 2024

Ажурирана верзија јули - декември 2024

КРАТЕНКИ

РСМ	Република Северна Македонија
ЕУ	Европска Унија
CLRTAP	Конвенција за прекугранично пренос на аерозагадување
ЕМЕП	Програма за соработка за мониторинг и оценување на далекосежното пренесување загадувачки супстанции во воздухот во Европа
IPPC	Integrated pollution prevention and control
NERP	National Emission Reduction Plan
TAIEX	Technical Assistance and Information Exchange
VOC	Испарливи органски соединенија
РАН	полициклични ароматични јаглеводороди
НМ	тешки метали
МЖСПП	Министерство за животна средина и просторно планирање
МИЦЖС	Македонскиот информативен центар за животна средина
ЕЕА	Европска агенција за животна средина
NFR	Nomenclature For Reporting
УХМР	Управа за хидрометеролошки работи
ИСКЗ	Интегрирано спречување и контрола на загадувањето
СЗО	Светска здравствена организација
YLL	Year Life Lost
IIR	Informative Inventory Report
TSP	вкупни суспендирани честички
PM_{10}	цврсти честички со големина до 10μm
$PM_{2,5}$	цврсти честички со големина до 2,5μm
CO	Јаглерод моноксид
SO_2	сулфур диоксид
NOx	азотни оксиди
NMVOC	неметански испраливи органски соединенија
NH_3	амонјак

С О Д Р Ж И Н А

С О Д Р Ж И Н А....4
С Л И К И....7
Т А Б Е Л И....7
ГРАФИЦИ....9
1. ВОВЕД....11
2. ОПИС И ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО ЗА КОЕ СЕИЗРАБОТУВА ПЛАНОТ....13
2.1 Општи карактеристики на просторот на Општината....13
2.2 Демографија....**Error! Bookmark not defined.**
2.3 Климатски карактеристики....**Error! Bookmark not defined.**
2.4 Сообраќај....**Error! Bookmark not defined.**
2.5 Економски карактеристики....**Error! Bookmark not defined.**
2.6 Социјални карактеристики....**Error! Bookmark not defined.**
2.7 Енергија....**Error! Bookmark not defined.**
2.8. Управување со отпад....**Error! Bookmark not defined.**
2.9. Социјално ранливи категории и родова еднаквост....**Error! Bookmark not defined.**
3. ЗАКОНОДАВНА РАМКА....17
3.1. Меѓународни обврски од областа на квалитетот на воздухот....17
3.2. Национално законодавство за квалитет на воздух....20
3.2.1. Закон за квалитет на амбиентниот воздух....20
3.2.2. Закон за животна средина....21
3.2.3. Закон за енергетска ефикасност....21
3.2.4. Планови, програми и извештаи....22
4. ВРСКА НА ПЛАНОТ СО ДРУГИ РЕЛЕВАНТНИ СТРАТЕШКИДОКУМЕНТИ, ПЛАНОВИ, ПРОГРАМИ, СТРАТЕГИИ....25
5. ПРИКАЗ НА СОСТОЈБАТА НА КВАЛИТЕТОТ НААМБИЕНТНИОТ ВОЗДУХ....41
5.1. Мрежа за мониторинг на квалитетот на воздухот....41
5.1.1. Државна мрежа за мониторинг на квалитетот на воздухот....41
5.1.2. Доставување на податоци и информации....41
5.2. Анализа на состојбата со детални податоци за факторите кои се причина за загадувањето....42
5.2.1. Фактори кои директно влијаат на квалитетот на амбиентниотвоздухот и дисперзија на загадувачки супстанции во воздухот....43
5.2.2. Фактори кои влијаат на емисии на загадувачки супстанции воамбиентниот воздух....43

5.3. Учество на секторите во емитирање на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух 45

5.4. Гранични вредности на загадувачки супстанции во амбиентен воздух 48

5.5. Историски пречекорувања и загадувања на квалитетот на воздухот 49

5.6. Влијание на загадениот воздух врз здравствената состојба нанаселението **Error! Bookmark not defined.**

5.6.2 Ефекти врз здравјето на населението..... **Error! Bookmark not defined.**

5.6.3 Цел ..... **Error! Bookmark not defined.**

5.6.4 Методологија за проценка на влијанијата врз здравјето и товарот соболести заради изложеност на тековни нивоа на квалитет на амбиентен воздух **Error! Bookmark not defined.**

5.6.5 Смртност..... **Error! Bookmark not defined.**

5.6.6 Општа и специфична смртност ..... **Error! Bookmark not defined.**

5.6.7 МОРБИДИТЕТ (БОЛНИЧКИ ПРИЕМИ)..... **Error! Bookmark not defined.**

5.6.8 Проценки на влијанијата по здравјето и товарот со болести зарадиААЗ во општина Струга..... **Error! Bookmark not defined.**

5.6.9 Заклучоци и препораки ..... **Error! Bookmark not defined.**

5.6.10 Заклучоци од проценките на влијанијата на загадениот воздух врз здравјето на населението во општина Струга... **Error! Bookmark not defined.**

5.6.11 Заклучоци во однос на морбидитет изразен преку број на болничкиприеми **Error! Bookmark not defined.**

5.6.12 Препораки 49

6. АНАЛИЗА НА ПОТЕКЛОТО НА ЕМИСИИТЕ 51

6.1. АНАЛИЗА НА ИЗВОРИТЕ НА ЗАГАДУВАЊЕ 51

6.1.1. Емисии од деловните субјекти на територија на општина Струга 53

6.1.2. Емисии од резиденцијални извори (домаќинства) 55

6.1.3. Емисии од сообраќај..... 56

6.1.4. Емисии од сектор отпад 65

6.1.5. Емисии од земјоделие..... 65

6.2. АНАЛИЗА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УДЕЛОТ НА РАЗЛИЧНИТЕ ИЗВОРИ НА ЗАГАДУВАЊЕ ВО КОНЦЕНТРАЦИИТЕ НА СУСПЕНДИРАНИ ЧЕСТИЧКИ ВО ОПШТИНА СТРУГА.....67

7. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ЗА КРИТИЧНИТЕ ЗАГАДУВАЧКИСУПСТАНЦИИ ВО АМБИЕНТНИОТ ВОЗДУХ ПО КЛУЧНИ СЕКТОРИ 72

8. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НАКВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ 78

8.1. Преземени мерки и активности за унапредување на квалитетот на амбиентниот воздух во општина Струга.....79

8.2 Мерки за подобрување на квалитетот на воздухот во општина Струга 80

МЕРКА бр.1 Замена на печки на огревно дрво со топлински пумпи.....84

МЕРКА бр.2 Зголемување на бројот на корисници на велосипеди во општината....88
МЕРКА бр.3 Собирање на растителен отпад од обработливото земјиште....91
МЕРКА бр.4 Зазеленување со урбани шуми....94
МЕРКА бр.5 Субвенционирање на топлинска изолација на домаќинства....96
МЕРКА бр.6 Набавка на механизација за чистење на улици....98
МЕРКА бр.7 Поставување на полначи за електрични возила....100
МЕРКА бр.8 Изградба на паркинзи на влез во градот....102
МЕРКА бр.9 Изградба на велосипедски патеки....104
МЕРКА бр.10 Зголемен градежен инспекциски надзор....106
МЕРКА бр.11 Поставување на фотоволтаични панели за училишта и градинки....108
МЕРКА бр.12 Затворање на централно градско подрачје за сообраќај....110
МЕРКА бр.13 Воведување на зони со ниска емисија....112
МЕРКА бр.14 Редовно чистење на улиците....114
МЕРКА бр.15 Поставување на топлинска изолација за училишта и градинки....116
МЕРКА бр.16 Замена на печки на фосилни горива во административни објекти....118
МЕРКА бр.17 Спроведување на едукативни кампањи....120
Предлог формулар за известување за постигнатите цели од предвидените мерки....122
9. СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ПЛАНОТ....127
10. ЗАКЛУЧОК 128
11. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА....130
ПРИЛОГ 1....Error! Bookmark not defined.
ПРИЛОГ 2....Error! Bookmark not defined.

С Л И К И

Слика 1: Географска положба на Општина Струга 3
Слика 2: Граници на природното и културно наследство на Охридскиот регион 4
Слика 3: Биосферен резерват Охрид-Преспа 4
Слика 4: Заштитни зони во границите на природното наследство на Охридското Езеро 5
Слика 5: Локалитети со атрибути на природни вредности (жаришта на биолошката разновидност) во Охридскиот регион.....5
Слика 6: Културно наследство во градот Струга 6
Слика 7: Извод од Просторниот план на РСМ – Сообраќајна инфраструктура во подрачјето на Општина Охрид 11
Слика 8: Патна инфраструктура во општина Струга 11
Слика 9: Приказ на делови во Општина Струга каде падот на средно-напонската мрежа е над 5%.....18
Слика 10: Региони за управување со отпад во Република Северна Македонија 21
Слика 11: Веб страна на МЖСПП за следење на квалитетот на воздухот 35
Слика 12: Дисперзија на загадувачки супстанци емитирани од оџак на фабрика во атмосферата 37
Слика 13: Вкупни емисии на тешки метали за 2021 година 40
Слика 14: Просторна распределеност на производните деловни субјекти во општина Струга..... 69
Слика 15: Просторна распределеност на непроизводните деловни субјекти во општина Струга..... 69
Слика 16: Состав на возниот парк во Струга по категорија на возила во 2021 година.....75
Слика 17: Класификација на возила по Еуро категории во Струга во 2021 година 76
Слика 18: Еуро стандарди по вид на возила во Струга во 2021 година.....77
Слика 19: Застапеност на различни типови горива во патниот транспорт во Струга, 2021.....78
Слика 20: Класификација на патнички возила по тип на гориво во Струга 78
Слика 21: Удел на различни категории на возила во емисиите на загадувачките супстанции во Струга во 2021 година.....80
Слика 22: Удел на патнички возила во емисиите на PM10 по Еуро стандарди во Струга во 2021 година.....81

Т А Б Е Л И

Табела 1: Структура на население според пол во општина Струга 7
Табела 2: Старосна структура на населението во општина Струга според пол 7
Табела 3: Број на автохтони и доселени лица во општина Струга 8
Табела 4: Број на жители во општина Струга според типот на населено место во кое живеат 8
Табела 5: Број на семејства во општина Струга според типот на населено место во кое живее семејството.....8
Табела 6: Број на жители во Општина Струга според етничка припадност и пол.....9
Табела 7: Вкупно работоспособно население во Општина Струга според возраст и економската активност, Попис 2021..... 9
Табела 8: Структура на деловните субјекти во Општина Струга според големината..... 12

Табела 9: Структура на деловните субјекти во Општина Струга според дејноста 12
Табела 10: Број на туристи и ноќевања во Струга во 2021 година 13
Табела 11: Земјоделски површини по категории на користење, во хектари во Општина Струга.....14
Табела 12: Површина на користени ораници, бавчи и куќни градини во Општина Струга.....14
Табела 13: Структурата за здравствениот кадар со висока стручна подготовка во примарна здравствена заштита во Општина Струга по дејности
Табела 14: Структура на здравствениот кадар во примарна здравствена заштита во Општина Струга според степенот на образование по дејности.....15
Табела 15: Број на медицински единици во селските населби на територијата на Општина Струга 15
Табела 16: Основни развојни податоци за населението во Општина Струга за 2021 година 16
Табела 17: Број на доселени и отселени жители на Општина Струга за 2021 година 16
Табела 18: Број на невработени лица во Општина Струга 16
Табела 19: Преглед на невработени лица во Општина Струга според возраст и пол 17
Табела 20: Карактеристики на постоечката дистрибутивна мрежа за електрична енергија на КЕЦ Струга..... 17
Табела 21: Преглед на загуби во електродистрибутивната мрежа на КЕЦ Струга..... 17
Табела 22: Број на домаќинства во општина Струга според типот на греење и видот на населено место во кое живеат домаќинствата..... 20
Табела 23: Преглед на протоколите кон CLRTAP 22
Табела 24: Врска на Планот за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух за општина Струга со други документи релевантни за квалитетот на воздухот на национално и регионално ниво..... 30
Табела 25: Категоризација по сектори и NFR категории 38
Табела 26: Споредба на емисиите на тешки метали во 2021 во однос на базната 1990 година.....41
Табела 27: Гранични вредности за загадувачките супстанции SO_2, NO_2, PM_{10},$PM_{2,5}$, CO, O_3 41
Табела 28: Гранични / целни вредности за концентрација на тешки метали во PM_{10} честички (олово, арсен, кадмиум и никел).....42
Табела 29: Смртност во општина Струга, сите причини за смрт и специфична смртност за период 2019-2021 година.....48
Табела 30: Број на болнички приеми на секундарно и терцијално ниво заради болести на дишни патишта во о. Струга, за 2019-2021 година, според возрасни групи и пол..... 52
Табела 31: Број на болнички приеми на секундарно и терцијално ниво за пациенти од о. Струга заради астма, за 2019-2021 година, според возрасни групи и пол..... 53
Табела 32: Број на болнички приеми од заболувања на циркулаторниот систем (I00-I99) во о. Струга, сите возрасти според возрасни групи и пол 55
Табела 33: Број на болнички приеми заради мозочен удар во о. Струга, сите возрасти според возрасни групи и пол..... 58
Табела 34: Број на болнички приеми заради исхемични болести на срцето во о. Струга, сите возрасти според возрасни групи и пол 58

Табела 35: Број на болнички приеми заради рак на бели дробови во о. Струга, сите возрасти според возрасни групи и пол.....59
Табела 36: Средни годишни концентрации на $PM_{2.5}$ во РС Македонија.....60
Табела 37: Смртност, сите причини за смрт, вкупно и за население под ризик (30 години и повеќе) 60
Табела 38: Проценета атрибутивна смртност заради загадувањето на амбиентниот воздух со $PM_{2.5}$ во о. Струга за периодот 2019-2021 година 61
Табела 39: Проценета атрибутивна смртност заради загадувањето на амбиентниот воздух со PM2.5 во Р. С. МАКЕДОНИЈА за периодот 2019-2021 година..... 62
Табела 40: Пресметани емисии од производните индустрии во општина Струга.....71
Табела 41: Емисии на метали од производните индустрии во општина Струга 71
Табела 42: Емисии на PAH, HCB и PCB од производните индустрии во општина Струга 71
Табела 43: Емисии во воздухот на основните загадувачки супстанции од административни капацитети 72
Табела 44: Пресметани емисии на метали од административни капацитети 72
Табела 45: Пресметани емисии на PAH, HCB и PCB од административни капацитети 72
Табела 46: Емисии на загадувачки супстанции од домаќинствата во Општина Струга..... 72
Табела 47: Вкупна емисија на тешки метали од домаќинствата во Општина Струга.....73
Табела 48: Вкупни емисии на PAH-s, HCB и PCB емитирани од домаќинствата во Општина Струга 73
Табела 49: Вкупни емисии од секторот транспорт во Струга во 2021 година 79
Табела 50: Емисии на загадувачки супстанции од секторот отпад.....82
Табела 51: Емисии на тешки метали од секторот отпад 82
Табела 52: Емисии на PAH-s од секторот отпад 82
Табела 53: Емисии на загадувачки супстанции од секторот земјоделие.....83
Табела 54: Сумарни резултати за емисиите на загадувачки супстанции во воздухот во општина Струга од клучните извори на емисија..... 84

ГРАФИЦИ

График 1: Процентуална застапеноста на деловните субјекти во Општина Струга во 2021 година според дејноста 13
График 2: Вкупни емисии на основните загадувачки супстанции и цврсти честички за 2021 година 39
График 3: Удел на секторите во вкупните емисии на основните загадувачки супстанции и цврсти честички за 2021 година..... 39
График 4: Удел на секторите во вкупние емисии на тешки метали за 2021 година 40
График 5: Стапки на општа и специфична смртност (за болести од интерес) во о. Струга за периодот 2019-2021 година, за двата пола 49
График 6: Стапки на број на хоспитализации (сите возрасти) во о. Струга, споредба со стапките на национално ниво за период 2019-2021 година 53
График 7: Стапки на број на хоспитализации (сите возрасти) заради астма воо. Струга, споредба со стапките на национално ниво за период 2019-2021година 54

График 8: Стапки на број на хоспитализации (сите возрасти) заради циркулаторни болести, споредба со стапките на национално ниво за период 2019-2021 година..... 56
График 9: Стапки на број на хоспитализации (сите возрасти) заради исхемични болести на срцето и мозочен удар, споредба со РСМ, за период 2019-2021 година 57
График 10:Стапки на број на хоспитализации (сите возрасти) заради рак на бели дробови споредба со РСМ, за период 2019-2021 година.....59
График 11: Атрибутивна специфична смртност која може да се припише на аерозагадувањето во о. Струга за 2019-2021 година, во однос на ИБС (IHD) и мозочен удар (Stroke), за двата пола.....63
График 12:Процентуално учество на клучните сектори на емисија во емисиите на загадувачки супстанции во воздух во општина Струга 84
График 13: Учество на секторите во вкупната емисија на NOx во Општина Струга 85
График 14: Учество на секторите во вкупната емисија на CO во Општина Струга..... 85
График 15: Учество на секторите во вкупната емисија на NMVOC во Општина Струга.....86
График 16: Учество на секторите во вкупната емисија на SOx во Општина Струга.....86
График 17: Учество на секторите во вкупната емисија на NH3 во Општина Струга.....87
График 18: Учество на секторите во вкупната емисија на PM2,5 во Општина Струга.....87
График 19: Учество на секторите во вкупната емисија на PM10 во Општина Струга..... 88
График 20: Учество на секторите во вкупната емисија на TSP во Општина Струга 88

1. ВОВЕД

Квалитетот на амбиентниот воздух е резултат на голем број општествени, економски и социјални фактори и истиот претставува секојдневен предизвик за урбаните средини. Нарушувањето на оптималниот квалитет на амбиентниот воздух пред сé е последица од зголемените нивоа на емисии на загадувачки супстанции во воздух од повеќе сектори. Емисијата на загадувачки супстанци во воздухот е резултат на секојдневните човекови активности и во целост не може да се елиминира. Правилното управување со квалитетот на амбиентниот воздух подразбира превземање на мерки и активности со кои квалитетот на воздухот ќе се одржува на оптимално ниво, со што ќе се елиминира негативното влијание на загадениот воздух врз човековото здравје.

Националната регулатива од областа на заштита на животната средина предвидува механизми за дејствување во насока на подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух. Еден од механизмите е изработка на План за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух. Согласно Законот за квалитет на амбиентниот воздух (Службен весник на РСМ бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15, 146/15 и 151/21) зоните и агломерациите или општините односно Градот Скопје во кои се надминати граничните или целни вредности на нивоата на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух имаат обврска да изготват План за квалитет на воздухот. Општините коишто имаат повеќе од 35000 жители исто така имаат обврска да подготват План за квалитет на воздухот согласно овој закон.

Врз основа на Договор број 05-6561/2 од 25.10.2022 година, Министерството за животна средина и просторно планирање го ангажираше Технолаб доо Скопје да изработи План за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух за Општина Струга.

Планот за квалитет на амбиентниот воздух за Општина Струга за период 2023-2027 е изработен со цел утврдување на состојбите и дефинирање на мерки за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух на територијата на Општина Струга.

Планот за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух за Општина Струга е плански документ чија изработка произлегува од законската регулатива за квалитетна амбиентниот воздух и истиот претставува основа за планирање и релизирање на активности за подобрување на квалитетот на воздухот.

Овој документ е во корелација со останатите стратешки документи, планови и програми на национално, регионално и локално ниво од сите релевантни сектори кои се разгледани и земени во предвид при изработката на Планот.

Во Планот за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух се презентирани постојната состојба со квалитетот на воздухот преку ананлиза на потеклото на емисии во воздухот, идентификација на главните фактори и извори на загадување на воздухот и влијанието на загадениот воздух врз човековото здравје. Исто така, во планот се прикажани и досегашните превземени мерки за подобрување на квалитетот на воздухот од страна на надлежните институции на локално ниво и се предложени идни мерки и активности кои треба да се релизираат во краткорочен, среднорочен или долгорочен период со кои ќе се подобри квалитетот на воздухот во Општина Струга. Предложените мерки и акции пред сé се насочени кон намалување на нивоата на

емитирани загадувачки супстанции во воздухот на територија на Општина Струга што ќе допринесе за подобрување на квалитетот на воздухот.

Планот за подобрување на квалитетот на воздухот на територијата на Општина Струга беше изработен во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање и Сектор за урбанизам, општинска активност, сообраќај и заштита на животната средина на Општина Струга за што изразуваме благодарност за дадената поддршка и ангажманот за потребите на изработката на Планот.


2. ОПИС И ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО ЗА КОЕ СЕИЗРАБОТУВА ПЛАНОТ

2.1 Општи карактеристики на просторот на Општината

Општина Струга се наоѓа во југозападниот дел од Република Северна Македонија и одглавниот град Скопје е оддалечена 176 км. Сместена е во Охридско-Струшката котлина и зафаќа вкупна површина од 483км^2 . Општина Струга се наоѓа на надморска висина од 696м. (*Извор: Дигитална Македонска Енциклопедија)*

Местоположбата на Општина Струга е во подножјето на планината Јабланица, на северниот брег на Охридското Езеро, поточно на истекот на реката Црн Дрим од езерото и се протега од двете страни на реката Црн Дрим.

Општината Струга ја сочинуваат градот Струга и селата: Безово, Биџево, Богојци, Бороец, Брчево, Буринец, Велешта, Вишни, Враниште, Глобочица, Горна Белица, Горно Татеши, Долна Белица, Делогожди, Добовјани, Долно Татеши, Драслајца, Дренок, Заграчани, Збажди, Јабланица, Калишта, Корошишта, Лабуништа, Лакаица, Ливада, Ложани, Локов, Луково, Мали Влај, Мислешево, Мислодежда, Модрич, Мороишта, Нерези, Ново Село, Октиси, Радожда, Радолишта, Франгово, Шум, Пискупштина, Подгорци, Поум, Присовјани, Р'жаново, Селци, Ташмаруништа, Тоска иЏепин.



Слика 1: Географска положба на Општина Струга


Природното и културно наследство на Охридскиот регион зафаќа делови од Општините Охрид, Струга и Дебарца и истиот е на листата на УНЕСКО од 2014 година.



Слика 2: Граници на природното и културно наследство на Охридскиот регион




Извор: План за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион 2020-2029



Извор: План за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион 2020-2029

Слика 3: Биосферен резерват Охрид-Преспа


Заради ефикасно управување и заштита на универзалните вредности на природното богатство на Охридскиот Регион, воспоставени се три заштитни зони. На следната слика се прикажани заштитините зони на Охридскиот Регион.



Извор: План за управување со Светското природно и културно наследство на ОхридскиотРегион 2020-2029

Слика 4: Заштитни зони во границите на природното наследство на Охридското Езеро


Во Охридскиот регион идентификувани се локалитети со атрибути на природнивредности (жаришта на биолошката разновидност).
На следната слика се прикажани овие локалитети.



Извор: План за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион 2020-2029

Слика 5: Локалитети со атрибути на природни вредности (жаришта на биолошкатаразновидност) во Охридскиот регион

На територијата на Општина Струга констатирани се 85 локалитети како дел од културното наследство од кои за 2 има акти за заштита.



Извор: План за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион 2020-2029

Слика 6: Културно наследство во градот Струга

За управување и заштита на културното наследство на територијата на Република Северна Македонија надлежна институција е Министерството за култура – Управа за заштита на културното наследство, додека за управување и заштита на природното наследство надлежна институција е Министерството за животна средина и просторно планирање - Управа за животна средина.

Согласно законската регулатива Општина Струга нема надлежност во делот на заштитата на природното и културното наследство на својата територија, единствено има можност да иницира прогласување на заштитени подрачја согласно Законот за заштита на културното наследство.

3. ЗАКОНОДАВНА РАМКА

3.1. Меѓународни обврски од областа на квалитетот на воздухот

Загадувањето на воздухот има подеднакво негативно влијание врз здравјето на луѓето и животната средина. Поради ова, ЕУ има развиено и имплементирано инструменти за кои е потребна координација на национално, регионално и на локално ниво.

Акциите за подобрување на квалитетот на воздухот преку намалување на количините на емисии се базираат на Конвенцијата за далекосежно преку - гранично загадување на воздухот нејзините осум протоколи кои во Република Северна Македонија се ратификувани во 2010 година.

Табела 23: Преглед на протоколите кон CLRTAP

Преглед на протоколите кон CLRTAP
Закон за ратификација на протоколот кон Конвенцијата за далекосежно преку - гранично загадување на воздухот од 1979 година за долгорочно финансирање на Програмата за соработка за мониторинг и оценување на далекосежното пренесување загадувачки супстанции во воздухот во Европа (ЕМЕП) „Службен весник на РМ“ бр. 24/10 од 19.02.2010 год.
Закон за ратификација на Протоколот на Конвенцијата за далекосежно преку - гранично загадување на воздухот од 1979 година за контрола на испуштањето на азотни оксиди или за нивно преку - гранично пренесување„Службен весник на РМ“ бр. 24/10 од 19.02.2010 год.
Закон за ратификација на Протоколот на Конвенцијата за далекосежно преку - гранично загадување на воздухот од 1979 година во врска со понатамошното намалување на емисиите на сулфур„Службен весник на РМ“ бр. 24/10 од 19.02.2010 год.
Закон за ратификација на Протоколот на Конвенцијата за далекосежно преку - гранично загадување на воздухот од 1979 година за контрола на емисиите на испарливите органски соединенија или на нивното преку - гранично пренесување„Службен весник на РМ“ бр. 24/10 од 19.02.2010 год.
Закон за ратификација на Протоколот на Конвенцијата за далекосежно преку - гранично загадување на воздухот од 1979 година за намалување на емисиите на сулфур или на нивното преку - гранично пренесување најмалку за 30 проценти„Службен весник на РМ“ бр. 24/10 од 19.02.2010 год.
Закон за ратификација на Протоколот кон Конвенцијата за далекосежно преку - гранично загадување на воздухот од 1979 година за перзистентни органски загадувачки супстанции„Службен весник на РМ“ бр. 135/2010 од 08.10.2010 год.
Закон за ратификација на Протоколот кон Конвенцијата за далекосежно преку - гранично загадување на воздухот за тешки метали од 1979 година„Службен весник на РМ“ бр. 135/2010 од 08.10.2010 год.
Закон за ратификација на Протоколот кон Конвенцијата за далекосежно преку - гранично загадување на воздухот од 1979 година за намалување на закиселувањето, еутрофикација и приземниот озон – Гетеборшки протокол„Службен весник на РМ“ бр. 135/2010 од 08.10.2010 год.

Како резултат на комуникацијата помеѓу Европската комисија, Европскиот парламент, Советот на Европа, Европскиот социјален и економски комитет и Европскиот комитетна региони во декември 2019 година усвоен е “European Green Deal” за европската Унија и нејзините граѓани. Со овој документ повторно се потенцира посветеноста на Европската Комисија за справување со климатските предизвици и предизвиците на животната средина и се поставува нова развојна стратегија со цел трансформирање на Европската Унија во праведно и просперитетно општество со модерна, ефикасна од аспект на ресурсите и конкурентна економија во која во 2050 нема да има нето емисии на стаклени гасови и економскиот раст ќе се биде раздвоен од користењето на ресурсите. Важна цел поставена во “European Green Deal” е заштита

на здравјето и добросостојбата на граѓаните од ризици и влијанија поврзани соживотната средина.

Целите поставени во „European Green Deal" ќе се остваруваат преку следните активности:

- поставување на нови климатски таргети (climate ambition),
- чиста, прифатлива и сигурна енергија,
- индустриска стратегија за чиста и циркуларна економија,
- одржлива и мудра мобилност,
- менување на стандардните земјоделски практики со нови „зелени" решенија /стратегија "Farm to fork"
- зачувување и заштита на биодиверзитетот,
- амбиции за нула загадување за животна средина без токсични влијанија,
- вклучување на одржливоста во сите ЕУ политики,
- ЕУ како глобален лидер и
- Европски климатски пакт.

Во мај 2021 година Европската комисија го усвои Европскиот акциски план "Towards Zero Pollution for Air, Water and soil". Во овој документ е поставена визијата за нула загадување до 2050 која гласи: Здрава планета за сите преку намалување на загадувањето на воздухот, водата и почвата до нивоа кои не претставуваат ризик поздравјето и природните екосистеми и со кои се почитуваат границите кои нашата планета може да ги поднесе со што се креира животна средна без загадување.

Со овој акционен план се поставуваат и таргетите на ЕУ за 2030, согласно ЕУ регулативата, Green Deal амбициите и синергија со останатите иницијативи:

- Намалување на здравствените ефекти од загадениот воздух (предвремена смртност) за повеќе од 55%,
- Намалување на процентот на луѓе изложени на бучава од транспортот за 30%,
- Намалување на екосистемите каде загадувањето на воздухот е закана за биодиверзитетот за 25%,
- Намалување за 50% на загубите на хранливите супстанци предизвикани од употребата на пестициди и продажбата на антимикробни средства за одгледување на животни и во земјоделието,
- Намалување за 50% на пластичниот отпад во моријата и за 30% на микропластика која се ослободува во животната средина и
- Значително намалување на генерирањето на отпад и за 50% намалување на комуналниот отпад.

Во акциониот план "Towards Zero Pollution for Air, Water and soil" презентирана е листаод акции кои треба да се превземат во насока на остварување на поставените таргетии тоа:

- Подобрување на здравјето и благосостојбата преку: намалување на здравствената нееднаквост преку нула загадување и поддршка на акциите за нула загадување во урбаните средини,
- Живеење во рамките на границите на планетата преку регионална промоција на нула загадување
- Достигнување на нула загадување од производство и потрошувачка преку субвенционирање на можности за нула загадување
- Обезбедување на построги мерки за имплементација и реализација на активностите
- Забрзување на општествените промени за нула загадување
- Промовирање на светски промени за нула загадување и

- Следење на прогресот, предвидување на трендовите и поставување на нулазагадување како доминантен тренд.

Политиката на ЕУ за воздухот се базира на следниве инструменти:

1. Директиви за квалитет на амбиентниот воздух

• Директива 2008/50/ЕС за квалитет на амбиентниот воздух и почист воздух за Европа што поставува стандарди за воздух и барања за квалитет за да се осигури дека земјите членки соодветно го следат и/или проценуваат квалитетот на воздухот на нивната територија, на усогласен и споредлив начин,

• Директива 2004/107/ЕС во врска со арсен, кадмиум, жива, никел и полициклични ароматични јаглеводороди во амбиентниот воздух

• Директива 2015/1480/ЕС за изменување и дополнување на неколку анекси на Директивите 2004/107/ЕС и 2008/50/ЕС во кои се утврдени правилата во врска со референтните методите, валидацијата на податоци и локација на местата за земање примероци за проценка на квалитетот на амбиентниот воздух, и

• Комисија за спроведување одлуки 2011/850/ЕУ во која се утврденни правилата за директивите 2004/107/ЕС и 2008/50/ЕС во однос на реципрочната размена на информации и известување за квалитетот на амбиентниот воздух.

2. Директива за национални граници на емисии (2016/2284/ЕС) со која се бара попис на националните емисии и поставување на национални цели за намалување на емисиите за ограничување на прекуграничното загадување за најважните прекугранични загадувачи на воздухот ($PM_{2.5}$, SO2, NOx, NMVOC и NH_3) кои треба дасе достигнат до 2030 година

3. Регулаторни акти специфични за изворот

Овие акти вклучуваат неколку директиви што регулираат различни извори на емисиикако што се:

- Директива 2010/75/ЕУ за индустриски емисии,
- Директива 2015/2193/ЕУ за ограничување на емисиите на SO_2, NOx и прашина вовоздухот од согорувачки инсталации со капацитет од 1MW до 50MW (Medium Combustion Plant Directive),
- Директива 2009/125/ЕУ за воспоставување рамка во врска со барањата за еко-дизајн за производи поврзани со енергија (директива за еко-дизајн),
- Директива (ЕУ) 2016/802 во врска со намалување на содржината на сулфур во одредени течни горива (Директива за сулфур),
- Директива 2009/30/ЕС (Директива за квалитет на гориво што се однесува на загадувањето на амбиентниот воздухот од патниот транспорт со дополнителни параметри за квалитет на горивата),
- Регулатива (ЕУ) 2019/631 за поставување стандарди за емисија на CO_2 за нови патнички автомобили и за нови лесни комерцијални возила,
- Регулатива (ЕУ) 2016/1628 со барањата поврзани со граници на емисии на гасни загадувачи и емисии на честички и одобрени типови на мотори со внатрешно согорување за не-патничка мобилна машинерија
- Регулатива (ЕУ)715/2007 за одобрување на лесни патнички и комерцијални возилаод аспект на емисиите (Еуро 5 и Еуро 6 стандарди)

- Регулатива (ЕУ)595/2009 за одобрување на тешки товарни возила и мотори од аспект на емисиите (Еуро 6 стандарди) и
- Директива 2006/32/EU за ефикасност на крајната употреба на енергијата и енергетски услуги.

4. Востановените обврски за мониторинг и известувања за емисиите и обврските за објавување на информациите од јавен карактер за емисиите и податоците за актуелниот и очекуваниот квалитет на воздухот.

3.2. Национално законодавство за квалитет на воздух

3.2.1. Закон за квалитет на амбиентниот воздух

Законот за квалитет на амбиентниот воздух (Службен весник бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15, 146/2015, 151/2021) ги регулира мерките за избегнување, спречување или намалување на штетните ефекти од загадувањето на воздухот врз здравјето на луѓето и животната средина подеднакво, со поставување на ограничувања и целни вредности за амбиентниот воздух, прагови за предупредувањеи прагови на известување, ограничувања и целни вредности за емисии, воспоставување на единствен систем за следење и контрола на квалитетот на амбиентниот воздух и систем за мониторинг на изворите на емисии, сеопфатенсистем за управување со квалитет на амбиентен воздух и извори на емисија во амбиентниот воздух, како и други мерки и за заштита и активности правни и физички лица кои имаат директно или индиректно влијание врз квалитетот на амбиентниот воздухот.

Главните принципи врз кои се заснова Законот за квалитет на амбиентниот воздух се:
- принципот на внимателно и одговорно однесување од сите со цел да се избегне и спречи загадувањето на амбиентниот воздух,
- принцип на временска перспектива што значи исполнување на планираните временски рамки, програмите и одлуките поврзани со квалитетот на амбиентниот воздух и
- принципот на претпазливост, што значи задржување на емисиите во воздухот во рамките на пропишаните гранични вредности на емисија без да се прават непотребни трошоци.

Сепак, покрај овие главни принципи во заштитата на квалитетот на амбиентниот воздух, се интегрирани и принципите утврдени во Законот за животна средина.

Во зоните и агломерациите каде што нивоата на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух ги надминуваат граничните или целните вредности, како и која ида било релевантна маргина на толеранција, градоначалникот на општината има законска обврска да изготви план за подобрување на квалитетот на воздухот. Содржината на Планот и начинот за негова подготовка се прецизирани со

Правилникот за детална содржина и начин на подготовка на План за подобрување на квалитетот на воздухот (Службен весник бр. 148/14). Изработката на План за квалитетна воздух подразбира интегриран пристап што значи земање предвид на регулативите од областа на заштита на животната средина, здравствена заштита како и други релевантни регулативи. Во процесот на подготовка, општината треба да соработува со органите на државната управа, научни и стручни организации вклучувајќи правни лица и индивидуални сопственици и да обезбеди пристап до информации и учество на јавноста. Општината има законска обврска да изготви

годишен извештај за спроведувањето на планот и истиот да го достави до Министерството за животна средина и просторно планирање.

Покрај горенаведениот правилник, при изготвувањето на план за квалитет на воздух треба да се има во предвид и Правилникот за критериуми, методи и постапки за проценка на квалитетот на амбиентниот воздух (Службен весник бр. 169/13) и Уредбата за гранични вредности за нивоата и видовите на загадувачи во амбиентниотвоздух и прагови на предупредување, рокови за достигнување на граничните вредности, маргини и толеранција за гранична вредност, целни вредности и долгорочни цели (Службен весник бр. 50/05, 4/13, 183/17) како и други подзаконски акти кои го регулираат управувањето со квалитетот на амбиентниот воздух.

3.2.2. Закон за животна средина

Законот за животна средина (Службен весник бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 151/21) како хоризонтален закон ги регулира прашањата за сите медиуми и области на животната средина меѓукои е заштитата на квалитетот на амбиентниот воздух. Според овој закон, општините и градот Скопје се одговорни за издавање одобренија/дозволи за различни видови активности (инсталации со обврска за изработка на елаборат за животна средина и инсталации со Б интегрирани еколошки доволи) што може да ги имаат влијание врз квалитетот на амбиентниот воздух. Истовремено, општините се должни да обезбедат информирање и учество на јавноста во процесот на донесување одлуки. Во врска со квалитетот на амбиентниот воздух, законот им дава можност на општините да воспостават локална мрежа за мониторинг.
Законот за животна средина ги обврзува општините да ја информираат и консултираат јавноста во креирањето на мерки, притоа не водејќи грижа за еднаквата застапеност на жените и мажите односно ранливите категории граѓани во донесувањето на овие одлуки
Од друга страна, единиците на Локалната самоуправа има законска обврска да го инкорпорираат принципот на еднакви можности на жените и мажите во своите стратешки планови и буџети (ЗЕМ, чл.14 став 2), како и да го вршат родов мониторинг на програмите на локалната самоуправа, со што се покрива јазот меѓу Законот за животна средина и обврската на единиците на локалната самоуправа да водат грижа за еднаквата застапеност.

3.2.3. Закон за енергетска ефикасност

Законот за енергетска ефикасност нема одредба за енергетска сиромаштија и ранливи потрошувачи на енергија, додека пак Законот за енергетика предвидува заштита на правата на ранливите потрошувачи на енергија и намалување на енергетска сиромаштија. Врз основа на оваа одредба, Министерството за економија преку Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија 2024 дефинира категорија ранливи потрошувачи на енергија како домаќинство кое користи ГМП и паричен додаток за покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинство согласно Член 42 од Закон за социјална заштита (Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.5.2019 година)1, и стари

[1] Право на гарантирана минимална помош има домаќинство кое е материјално необезбедено и нема во сопственост имот и имотни права од кои може да се издржува. За материјално необезбедено се смета домаќинство чија вкупна просечна висина на сите приходи на сите членови на домаќинството по сите основи во последните три месеци пред поднесување на барањето за остварување на правото и во текот на користењето на правото е пониска од висината на утврдената гарантираната минимална помош, согласно

лица согласно Член 7 од Закон за социјална сигурност за стари лица (Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.5.2019 година)2. Оваа програма дефинира директна парична поддршка (потврда-ваучер) во износ од 27.000,00 и 30.000,00 мкд бруто износ за купување и вградување високоефикасни инвертер клими согласно категоријата ранливост дефинирана во Програмата. Програмата се спроведува преку Јавен повик за пријавување интерес објавен на веб страната на Министерството за економија и во два дневни весници.

Оваа Програма предвидува и други мерки (Член 6 и 7) преку кои се обезбедува непрекината и квалитетна испорака на енергија до ранливите потрошувачи на енергија, како ослободување од плаќање за повторен приклучок, верификација на мерна опрема, отстранување дефекти, надомест на штета, неисклучување заради неплатена сметка во рок од 60 дена, можност за одложено плаќање. Двата члена предвидуваат Информирање на ранливите потрошувачи на енергија за искористување на една или повеќе мерки за заштита.

Оваа програма треба да биде земена како пример од страна на општините при креирањето на локалните програми за субвенции во делот активности за митигација.

Во Законот за еднакви можности на жените и мажите[3] [4] отсуствува животната средина, како термин со поширог опсег, кој би требало да биде вклучен во сферите на делување на овој закон. Сепак, преку другите одредби на овој закон се утврдени принципите на родова еднаквост кои преку имплементација во другите сфери на општествено делување може да се каже дека ја опфаќаат и животната средина (преку основните и посебни мерки утврдени со овој закон).

Законот (Член 3) ги обврзува јавниот и приватниот сектор да ги почитуваат принципите на воспоставување еднакви можности и еднаквиот третман на жените и мажите. Од друга страна Законот обврзува на воведување системско вклучување на еднаквите можности на жените и мажите во процесот на креирање, спроведување и следење на политиките и буџетите во посебните општествени области вклучувајќи го извршувањето на функциите и надлежностите на субјектите од јавниот и приватниот сектор (Член 5) како и еднаков пристап до добра и услуги. Воедно, Законот ги обврзува Единиците на локалната самоуправа се должни во рамките на своите стратешки планови и буџети да го икорпорират принципот на еднакви можности на жените и мажите; да ги следат ефектите и влијанието на нивните програми врз жените и мажите (Член 14).

3.2.4. Планови, програми и извештаи

На национално ниво, постигнувањето на поставените цели за квалитетот на

со овој закон

[2] Право на социјална сигурност за старите лица, лицето од членот 3 став 1 од овој закон го остварува ако:
1. има државјанство на Република Северна Македонија;
2. има постојано место на живеење во Република Северна Македонија во последните 15 години пред поднесување на барањето;
3. нема во сопственост имот и имотни права од кои може да се издржува;
4. не е корисник на пензија од Република Северна Македонија или вид на исплата по основ на старост, инвалидност или доживување од друга држава и
5. не остварило приходи по сите основи во последните три месеци пред поднесување на барањето.
Условите од ставот 1 точки 3, 4 и 5 на овој член се однесуваат и за неговиот брачен другар или лицето со кое живее во вонбрачна заедница.

[3] Закон за еднакви можности на жените и мажите ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 6/2012). Закон за изменување и дополнување на Законот за еднакви можности на жените и мажите ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 166/2014)

[4] Закон за еднакви можности на жените и мажите ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 6/2012). Закон за изменување и дополнување на Законот за еднакви можности на жените и мажите ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 166/2014)

амбиентниот воздух е регулирано со неколку документи за планирање, како што се:
- Национален план за заштита на животната средина,
- План за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух,
- Краткорочен акционен план за заштита на амбиентниот воздухот и
- Националната програма за постепено намалување на количините на емисии наодредени загадувачи на национално ниво.

Целта на овие плански документи е да се постигне интегриран пристап кон заштита наквалитетот на амбиентниот воздух, вода и почва, заштита на човековото здравје во работната и животната средина, како и избегнување на негативните ефекти врз средината на соседните или други држави.

Во процесот на подготовка на краткорочниот акционен план за Општина Струга, во предвид треба да се земат следниве документи:

Национален план за чист воздух и програми за намалување на аерозагадувањето содефинирани мерки за 2019, 2020 и 2021 година

Главната цел на овој план е да се примени систематски пристап кон намалување на емисиите од сите идентификувани сектори кои ќе придонесат за намалување на загадувањето на воздухот до 2020 година од 30 до 50%.

Планот ги идентификува приоритетните области и активности што треба да бидат финансирани краткорочно за да се постигне одредена цел за намалување на загадувањето: следење на квалитетот на воздухот, проверка, подигање на јавната свест, ревизија на законодавството и најкритичните извори на загадување (домашно греење, транспорт, индустрија, градежништво, урбано зеленило и отпад).

Програмите за намалување на аерозагадувањето ги донесува Владата на годишно ниво и со нив се врши распределување на буџетски средства наменети за намалување на аерозагадувањето на локално ниво. Реализацијата на програмите е во надлежност на Генералниот секретаријат на Владата кој спроведува јавни набавки поискажан интерес од страна на единиците на локалната самоуправа.

Национален план за заштита на квалитетот на амбиентниот воздух во Република Македонија за периодот 2013 - 2018 година

Националниот план за заштита на квалитетот на амбиентниот воздух ја опишува состојбата на емисиите на загадувачки супстанци и квалитет на воздухот, дефинира мерки за подобрување на квалитетот на воздухот на целата територија на земјата и гиидентификува институциите одговорни за спроведување на мерките насочени кон подобрување на квалитетот на воздухот во период од 5 години. Планот предвидува и проценка на финансиски средства за спроведување на мерките со вклучување на модернизација на процеси, воведување мерки за енергетска ефикасност и употреба на обновливи извори, воведување на најдобрите достапни техники, подобрување на квалитетот на горивото и спроведување кампањи за подигање на јавната свест за квалитетот на воздухот.
Новиот петгодишен план ќе биде подготвен во рамките на проект „Поддршка за имплементација на директивите за квалитет на воздух“ финансиран од ИПА 2 програмата и истиот е во план да започне во втор квартал на 2024 година.

Национална програма за постепено намалување на количините на одреденизагадувачи во Република Македонија за периодот 2012 - 2020 година

Главната цел на Програмата е прогресивно намалување на количините на емисии во воздухот во врска со горните граници-плафони на количините на емисии на одреденизагадувачи според барањата утврдени во Правилникот за количините на горните граници-плафони на загадувачи преку утврдени проекции за периодот во 2020 година кои се однесуваат на намалување на количините на емисии на загадувачи на годишнониво. Новата програма ќе биде подготвена во рамките на проект „Поддршка за имплементација на директивите за квалитет на воздух" финансиран од ИПА 2 програмата и истиот е во план да започне во втор квартал на 2024 година.

Национален план за намалување на емисиите (NERP) на сулфур диоксид (SO_2), азотни оксиди (NOx) и прашина од постојните големи постројки за согорување на Република Македонија

Националниот план за намалување на емисиите ги дефинира националните плафониза 8 LCP за периодот 2018-2027. Планот беше подготвен во експертската мисија на TAIEX и беше одобрен од енергетската заедница и прифатен од Владата на Република Северна Македонија во 2017 година.

Извештаи за проценка на квалитетот на воздухот

Следењето на квалитетот на воздухот во земјата се спроведува уште од 1965 година. Во текот на годините, системот за следење беше модернизиран и сега обезбедува податоци од континуирано мерење на сулфур диоксид (SO_2), азотни оксиди (NOx / NO_2), суспендирани честички (PM_{10} и $PM_{2.5}$), јаглерод моноксид (CO) и озон (O_3) на седумнаесет метеоролошки локации во различни делови на земјата. Испарливите органски соединенија (VOC), полициклични ароматични јаглеводороди (PAH) и тешките метали (HM) се мерат на краткорочни интервали. Развиени се и пресметки за моделирање на дисперзија, што се користат во проценката за споредба на квалитетот на воздухот и граничните вредности. Резултатите од мерењата се објавени во следните извештаи:

• Извештај за проценка на квалитетот на воздухот во Република Македонија за периодот 2005 - 2015 година;

• Извештај за проценка на квалитетот на воздухот и концентрација на сулфур диоксид, азот диоксид, азотни оксиди, јаглерод моноксид, суспендирани честички, озон, олово, арсен, никел и кадмиум во Република Македонија, 2012 година;
• Надграден извештај за прелиминарна проценка на квалитетот на воздухот за сулфур диоксид, азот диоксид, азотни оксиди, јаглерод моноксид, суспендирани честички и озон во Република Македонија, 2008 година.

4. ВРСКА НА ПЛАНОТ СО ДРУГИ РЕЛЕВАНТНИ СТРАТЕШКИДОКУМЕНТИ, ПЛАНОВИ, ПРОГРАМИ, СТРАТЕГИИ

Изработката на Планот за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух за Општина Струга произлегува од законската регулатива за квалитет на амбиентниот воздух (Закон за квалитет на воздухот Сл. Весник на РМ бр. 67/2004, 92/2007, 83/2009,35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15, 146/15, член 23 и 26, 151/2021).

Справувањето со загадувањето на воздухот во урбаните средини бара сеопфатни решенија кои ќе се применуваат на локално, регионално и национално ниво. Анализите на квалитетот на воздухот и негативните влијанија на загадениот воздух серазгледувани во националните планови, програми и стратегии. Дел од овие документи поставуваат конкретни цели за намалување на загадувачките супстанци вовоздухот и предлагаат мерки кои се спроведуваат преку конкретни активности и реализација на акциони планови. Изработените програми, стратегии и планови поврзани со квалитетот на воздухот поставуваат главни цели за заштита и подобрување на кавлитетот на воздухот имајќи го во предвид локалниот и националниот економски и социјален развој.

Основна цел на Планот за квалитет на воздух е подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух во Општина Струга и подобрување на здравствените аспекти поврзани со изложеноста на населението на загаден воздух.

Планот за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух за Општина Струга дефинира генерални цели за подобрување на квалитетот на воздухот и истите се во корелација со усвоените стратешки документи, планови и програми на национално, регионално и локално ниво. При изработката на Планот земени се во предвид стратешките и плански документи од клучните сектори на емисија: енергетика, транспорт, индустрија и отпад.
Следниве стратешки и плански документи се земени во предвид при изработката на Планот за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух за Општина Струга:

- Стратегија за животна средина и климатски промени 2014-2020
- Трет Национален План за климатски промени,
- Четврт Национален План за климатски промени.
- Стратегија за развој на енергетиката во Република Северна Македонија до 2040
- Стратегија за промоција на енергетската ефикасност до 2020
- Национален План за управување со отпад на РСМ 2021-2031
- Национална Стратегија за транспорт 2018-2030
- Национален Акционен План за ратификација и спроведување на протоколот за тешки метали, Протоколот за POPs и Гетебуршкиот Протокол кон Конвенцијатаза далекусежно прекугранично загадување на воздухот, 2010
- Национален план за заштита на амбиентниот воздух во РМ за период 2013-2018
- План за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со акциски План 2020-2029
- Регионален План за управување со отпад – Југозападен регион,
- Програма за развој на Југозападниот плански регион 2021-2026 и
- Годишен акциски план за 2023 за реализација на Програмата за развој на

Југозападниот плански регион 2021-2026;

- Програмата за поттикнување на енергетската ефикасност во домаќинствата за 2024 година
- Програмата за промоција на обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетска ефикасност во домаќинствата за 2023 година
- Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија 2024
- Програмата за родова еднаквост за 2024 на општина Струга.

Целите на разгледуваните стратешки документи, нивната поврзаност со Планот за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух за Општина Струга и врската како целите на овие документи ќе бидат постигнати преку имплементација на Планот се прикажани на следната табела.

Табела 24: Врска на Планот за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух заопштина Струга со други документи релевантни за квалитетот на воздухот на национално и регионално ниво

НАЦИОНАЛНИ ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ			
Релевантен плански документ (план, програма, стратегија)	**Главни цели на планскиот документ и цели за заштита на животна средина**	**Врска со Планот**	Интерсекција на родот, и социјалната ранливост со квалитетот на воздух
Стратегија за животна средина иклиматски промени2014-2020	Главна цел на стратегијата е одржлив раст и подобрување на целокупниот квалитет на живот иизбегнување билокаква трајна штета врзживотната средина. Целите за заштита на животнатасредина се насочени кон зачувување и подобрување на квалитетот наводата, воздухот и почвата, одржување на биолошката разновидност, зачувување на природните ресурси и намалување ан негативните влијанија предизвикани од климатскитепромени.	Стратегијата во делот на подобрување на квалитетот на воздухот директно е поврзана соПланот за подобрување на квалитетот на воздухот во општина Струга преку следните оперативни цели: - Мониторинг, анализа и оценана состојбата на животната средина и известување за состојбата, - Подигање на свеста за прашања од областа на животната средина и - Поддршка за „чисти“ технологии и промени чија целе користење обновливи изворина енергија и намалување на потрошувачката на енергија.	Посебна Глава 9.5. “Младина и родови аспекти” во која се утврдуваат принципите за унапредување на родовата рамноправност во креирањето политики, програми, мерки и проекти кои ќе ги таргетираат различните потреби и положби на мажите, жените и младите. Воедно оваа Стратегија предвидува “Поддршка на развој на законска рамка и финансиски механизми за заштита на ранливите групи на климатски промени, вклучувајќи жени, деца, стари лица и лица со попреченост”. Воедно во делот на препораки ги таргетира ранливите потрошувачи на енергија за обезбедување финансиска поддршка. Стратегијата исто го истакнува и Социо-економското влијание (глава 3.1.2.) каде се предвидува Намалување на родовата нееднаквост и подобрување на состојбата на младите, како и подобрување на квалитетот на живот.

НАЦИОНАЛНИ ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ			
Релевантен плански документ (план, програма, стратегија)	**Главни цели на планскиот документ и цели за заштита на животна средина**	**Врска со Планот**	Интерсекција на родот, и социјалната ранливост со квалитетот на воздух
Трет Национален План кон Рамковната Конвенција за климатски промени (2014)	Главната цел на Планот е ублажување на климатските промени и одредување на националниот потенцијал за намалување на емисиите на стаклени гасови, имајќи го вопредвид планираниот економски развој. Со овој плански документсе предвидени мерки и цели за намалување на емисиите на стаклени гасови од клучните сектори на емисија: енергетика, транспорт, земјоделство и отпад.	Загадувањето на воздухот е директно поврзано со климатските промени од каде прозлегува врската на овој плански документ со Планот заподобрување на квалитетот навоздухот особено во делот на примена на мерки за намалување на емисиите од секторите кои имаат најголем удел во загадувањето.	
Четврт национален план за климатски промени			Глава 1.9. Родот и климатските промени со вклучени препораки за интерсекција на родовата перспектива во климатските промени. Глава 9 со опис на спроведени активности на административно и ниво на планирање и носење одлуки. Планот за првпат во воведува родовата перспектива како основа на ранливост кон климатските промени и како основа за креирање реални и одржливи мерки за митигација и адаптација.

НАЦИОНАЛНИ ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ			
Релевантен плански документ (план, програма, стратегија)	**Главни цели на планскиот документ и цели за заштита на животна средина**	**Врска со Планот**	Интерсекција на родот, и социјалната ранливост со квалитетот на воздух
Долгорочна стратегија за климатска акција 2020 - 2050	Да се намалат емисиите на стаклени гасови од енергетскиот сектор за 64% Да се зголемат емисиите на стаклени гасови од секторот Индустриски процеси и користење на продукти за не повеќе од 153% до 2050 Да се намалат емисиите на стаклени гасови за 34% во земјоделскиот сектор до 2050 Да се зголемат понорите за јаглерод за 1733% во секторот за употреба на шуми и други земјишта до 2050 Да се намалат емисиите на стаклени гасови за 2% во секторот Отпад до 2050 Да се изградат цврсти системи за редовно и периодично собирање податоци за производство и распростанување на научни и технички знаења. Да се зголеми отпорноста на влијанијата на климатските промени врз	При подготовката на плановите да се обрне внимание како мерките ќе влијаат врз климатските промени	Родовата перспектива е земена предвид како интерсекциско прашање од клучно значење за постигнување транспарентност и ефективност, како и одржливост на климатската политика и акција. Стратегијата ја вклучува родовата перспектива како фактор на зголемена женска ранливост во однос на климатските промени, земајќи ја предвид родовата еднаквост и зајакнувањето на жените, во согласност со Парискиот договор, вкрстувањето на климатските промени и родот во идните национални стратешки плански документи поврзани со образованието, истражувањето, и развој, иновации, социјална инклузија и еднакви можности на жените и мажите; Стратегијата го поддржува идниот развој на правна рамка и финансирање за заштита на климатските ранливи групи, вклучувајќи ги и жените, децата, старите лица и лица со посебни потреби. Поглавје 9.5. за млади и родови аспекти, наведува збир на препораки за зајакнување на пресекот на родовите и климатските промени во земјата.

НАЦИОНАЛНИ ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ			
Релевантен плански документ (план, програма, стратегија)	**Главни цели на планскиот документ и цели за заштита на животна средина**	**Врска со Планот**	Интерсекција на родот, и социјалната ранливост со квалитетот на воздух
	клучните социо-економски сектори и екосистеми Да се воспостават сеопфатни инструменти за планирање, координација и спроведување на политиките за климатско дејствување Да се промовира зелената транзиција преку градење на капацитети, обука за нови вештини и зголемување на свеста.		
Предлог Закон за климатска акција	придонес кон зголемување на напорите за зајакнување на глобалниот одговор кон заканата од климатските промени, согласно долгорочната цел на Договорот од Париз воспоставување механизми за следење и известување воспоставување политики, планирање и преземање на административни мерки		Ја наведува недискриминацијата меѓу жените и мажите како еден од принципите на климатската акција (член 6), додека членот 78: Родови аспекти, млади и ранливи групи: ги обврзува органите на државната управа да се грижат за родовите аспекти и специфичните потреби на најранливите групи, вклучително и младите при промовирање на климатски политики и инвестиции. Од друга страна, застапеноста на родовата перспектива во климатскиот механизам утврден со овој закон, Националниот координативен совет за климатски активности, е обезбеден преку вклучување на точка за климатските промени.

НАЦИОНАЛНИ ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ			
Релевантен плански документ (план, програма, стратегија)	**Главни цели на планскиот документ и цели за заштита на животна средина**	**Врска со Планот**	Интерсекција на родот, и социјалната ранливост со квалитетот на воздух
	воспоставување на правила со кои ќе се обезбеди ублажување на климатските промени воспоставување рамка за политики, планирање и административни мерки неопходни за да се намалат емисиите на стаклени гасови од изворите		
Стратегија за развој на енергетиката во Република Северна Македонија до 2040	Стратегијата за развој на ененргетиката дефинира патоказ за долгорочен развој на енергетскиот сектор преку развој на сигурен, ефикасен, еколошки иконкурентен енергетски систем способен да го поддржи одржливиот економски раст на земјата. Истата се базира на пет главни столба: енергетска ефикасност, интеграција и сигурност на енергетските пазари,климатска акција и декарбонизација, истражување, иновација и конкурентност и	Планот за подобрување на квалитетот на воздухот и меркитеза подобрување на квалитетот наамбиентниот воздух во општина Струга, се директно поврзани со намалување на емисиите од секторите со најголем удел во загадувањето, промоција на енергетската ефикасност и поттикнување на употреба на обновливи извори на енергија.	Стратегијата дефинира намалување на енергетската сиромаштија и заштита на ранливите потрошувачи (во поглавјето Визија на Стратегијата), како и предвидува донесување програма за ранливи потрошувачи на енергија за безбедно снабдување со енергија (Поглавје 3.2.5 Правни и регулаторни аспекти). Овие мерки во стратегијата имаат директна поврзаност за намалување на аерозагадувањето преку поддршка на ранливите потрошувачи на енергија.

НАЦИОНАЛНИ ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ			
Релевантен плански документ (план, програма, стратегија)	**Главни цели на планскиот документ и цели за заштита наживотна средина**	**Врска со Планот**	Интерсекција на родот, и социјалната ранливост со квалитетот на воздух
	правни и регулаторни аспекти. Главните цели на Стратегијата се:максимална заштеда на енергија,одржување на нивото на енергетска зависност и интеграција со европските пазари,органичување на емисиите на стакленйчки гасови, зголемување на уделот на ОИЕ, минимизирањена трошоците на принцип на оптимизација и континуирано усогласување на законодавствотосо „acquis“ на енергетската заедница.		
Стратегија за промоција на енергетската ефикасност до 2020	Главна цел на стратегијата е промоција и реализација на енергетската ефикасност со цел намалување на потрошувачката на енергија преку проекти за енергетска ефикасност на објектите, уличното осветлување,системи за изолација и др.	Врска со главните цели на планот за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух се остварува преку мерките за намалување на потрошувачката на енергија, сошто се постигнува намалување на емисиите од согорување на фосилните горива и нивното влијанието врз квалитетот на воздухот и животната средина.	

НАЦИОНАЛНИ ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ			
Релевантен плански документ (план, програма, стратегија)	**Главни цели на планскиот документ и цели за заштита наживотна средина**	**Врска со Планот**	Интерсекција на родот, и социјалната ранливост со квалитетот на воздух
Национален План за управување соотпад (2021-2031)	Овој плански документ има за целвоспоставување на интегрирано управување со отпад и постигнување на еколошки безбедна преработка и отстранување на отпадот на начин кој е најдобро прилагоден на постоечките состојби.	Врската со Планот се остварувасо предлагање на препораки и мерки за минимизирање на негативните влијанија врз квалитетот на воздухот и здравјето на луѓето од генерирањето и неправилно управување со отпадот и намалување на целокупните влијанија врз животната средина.	
Национална Стратегија за транспорт 2018-2030	Главните цели на Стратегијата се:промоција на економскиот раст преку проширување и одржувањена транспортната инфраструктура; поврзување на далечните и неразвиени заедници зголемување на пристапноста на транспортната мрежа и промоција на заштита на животната средина и инвестирање во еколошки јавен ипостојан транспорт со намалена потрошувачка на фосилни горива.	Мерките и активностите од Планот се во директна зависностод транспортот како еден од главните фактори за загадувањена воздухот на локално односно регионално ниво. Спроведувањето на предвидените мерки за намалување на загадувањето навоздухот во голем дел се директно поврзани со секторот транспорт и ќе придонесат за исполнување на целите поставени со Стратегијата.	
Национален акционен план за ратификација и спроведување на Протоколот за тешки метали, Протоколот за POPs и Гетебуршкиот протокол кон	Главната цел на планот е анализана состојбата и одредување на мерки за намалување и контрола на емисиите на загадувачките супстанции во воздухот кои произлегуваат од антропогени активности и за кои е веројатно	Планот за подобрување на квалитетот на воздухот во општина Струга воспоставува директна врска со предвидените мерки и активности за намалување на емисиите на загадувачки супстанци	

НАЦИОНАЛНИ ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ			
Релевантен плански документ (план, програма, стратегија)	**Главни цели на планскиот документ и цели за заштита наживотна средина**	**Врска со Планот**	Интерсекција на родот, и социјалната ранливост со квалитетот на воздух
Конвенција за далекусежно прекугранично загадување на воздухот (2010)	дека предизвикуваат неповолни ефекти на здравје на луѓето и природните екосистеми. Планот претставува водечки документ за институциите одговорни за имплементација на барањата на протоколите со цел редукцијана емисиите во воздухот и подобрување на квалитетот на воздухот на локално и глобално ниво.	кои се емитираат во воздухот со што освен на локално ниво, ќе се подобри квалитетот на амбиентниот воздух на регионално и глобално ниво што пак ќе влијае кон намалување на негативните здравствени аспекти.	

Национален планза заштита на амбиентниот воздух во РМ за период 2013-2018	Главните цели на овој плански документ се одржување на квалитетот на амбиентниот воздух во зоните каде што не сенадминуваат граничните вредности на квалитет; подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух во зоните каде што се надминуваат граничните вредности за квалитет; преземање на мерки занамалување на емисиите од определени стационарни изворина загадување и усвојување на неопходни мерки за минимизирање и целосно отстранување на негативните ефекти врз квалитетот на амбиентниот воздух. Планот предвидува мерки за подобрување на квалитетот на воздухот на целата територија на Република Македонија и ги наведува и сите релевантни институции одговорни за имплементација на мерките со цел подобрување на квалитетот на воздухот на локално и глобално ниво.	Подготовката на Планот за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух Општина Струга произлегува од Националниот План за заштита на амбиентниот воздух и со тоа се воспоставува директна врска со главните цели и предвиденитемерки за преземање на активности за заштита и подобрување на квалитетот на воздухот и достигнување на предвидените гранични вредности на загадувачките супстанци во амбиентниот воздух.	Мерката на планот за заштита на здравјето на луѓето може да се смета како индиректна мерка поврзана со категоријата ранливост по однос на здравјето.
Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2022-2026	Општата цел на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација е ефикасно спроведување на активности за превенција и заштита од дискриминација со цел подигнување на степенот на остварување на човековите права, еднаквоста и недискриминацијата.	Родовата дискриминација (вкрстена со други категории ранливост) е дефинирана како суштински фактор на ранливоста на жените на климатските промени и влијанијата од климатските промени ги влошуваат родовите разлики. Стратегијата и нејзините предвидени и дефинирани мерки во делон ана недискриминацијата треба да биде консултирана при изработка на други стратешки документи од областа на квалитетот на воздух и сродни области.	Принципот на недискриминација обезбедува еднаков пристап до сервиси и услуги, пришто во контекст на квалитет на воздух би значел овозможување на еднаков пристап на жените и мажите до сите мерки и активности на локално ниво кои се насочени кон намалување на аерозагадувањето.

Стратегија за родова еднаквост 2022-2027	Целта на стратегијата е постигнување родова еднаквост и зајакнување на сите жени и девојчиња преку воведување мерки за унапредување на положбата на жената.	Заштитата на животната средина и справување со климатските промени е еден од приоритетите на стратегијата, пришто, индиректно со овие области се допира и областа на квалитетот на воздух.	Стратегијата предвидува вклучување на родовиот аспект во националните и локалните политики, како и во критериумите за субвенионирање и финансиската поддршка на стратешките климатски акции. Ранливите категории жени се заштитени од влијанијата на климатските промени преку еднаквиот пристап до системите за рано предуредување и мерките за намалувањето на ризиците, како и до финансиските механизми за покривање штети. На овој начин Стратегијата за родова еднаквост прави интерсекција со квалитетот на воздух, поттикнувајќи ги локалните самоуправи да ја земат предвид родовата перспектива при креирањето политики во сите области поврзани со климатската акција. Во климатска акција спаѓа и делот на митигација односно намалување на штетни пракси кои придонесуваат кон загадување на воздухот.

Програмата за поттикнување на енергетската ефикасност во домаќинствата за 2024 година	Поттикнување на енергетската ефикасност во домаќинствата за 2024 година преку со поставување на високоефикасни инвертер клима уреди	Оваа мерка е искористена во планот како една од мерките кои се однесуваат на секторот домаќинства.	Ги исклучува Домаќинствата кои користат гарантирана минимална помош и остваруваат паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството и се остварува на принцип “прв дојден прв услужен”.
Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија 2024	Дефинирање на категории на потрошувачи Мерките што се преземаат за заштита на ранливите потрошувачи на енергија Начин на спроведување на мерките мерките што ги преземаат операторите на системите за дистрибуција на енергија	Мерките во планот се дефинирани на начин кој ги вклучува ранлиците категории на потрошувачи	Дефинира категорија ранливи потрошувачи на енергија како домаќинство кое користи ГМП и паричен додаток за покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинство согласно Член 42 од Закон за социјална заштита (Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.5.2019 година) , и стари лица согласно Член 7 од Закон за социјална сигурност за стари лица (Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.5.2019 година). Оваа програма дефинира директна парична поддршка (потврда-ваучер) во износ од 27.000,00 и 30.000,00 мкд бруто износ за купување и вградување високоефикасни инвертер клими согласно категоријата ранливост дефинирана во Програмата. Програмата се спроведува преку Јавен повик за пријавување интерес објавен на веб страната на

			Министерството за економија и во два дневни весници. Оваа Програма предвидува и други мерки (Член 6 и 7) преку кои се обезбедува непрекината и квалитетна испорака на енергија до ранливите потрошувачи на енергија, како ослободување од плаќање за повторен приклучок, верификација на мерна опрема, отстранување дефекти, надомест на штета, неисклучување заради неплатена сметка во рок од 60 дена, можност за одложено плаќање. Двата члена предвидуваат Информирање на ранливите потрошувачи на енергија за искористување на една или повеќе мерки за заштита.

РЕГИОНАЛНИ И ЛОКАЛНИ ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ		
План за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски План 2020-2029	Основна цел на Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со АкцискиПлан 2020-2029 е обезбедување на висок степен на заштита на универзалната вредност на Охридскиот регион преку донесување на развојни одлуки сокои ќе се обезбеди рамнотежа меѓу заштитата на доброто и неговото искористување. Овој План е основен плански инструмент за заштита, користење, конзервација и одржлив развој на доброто, но и заштита на автентичноста и интегритетот на овој регион.	Целите на Планот за подобрување на квалитетот на воздухот во Општина Струга се во директна корелација со утврдените мерки во Планот за управување со светското природно и културно наследствона Охридскиот Регион со АкцискиПлан 2020-2029 кои се однесуваат на ублажување и адаптација на климатските промени во разгледуваното подрачје преку истражување на климатските промени, реставрација на блатните екосистеми заради секвестрација на јаглерод и зголемување на површините подзеленило во населбите и надвор однаселените места.
Регионален План за управување со отпад - Југозападенрегион	Регионалниот план за управувањесо отпад-Југозападен регион давастратешка рамка за регионален развој во областа на управувањето со отпадот. Посебните цели на овој план во делот на заштитата на животнатасредина и здравјето на луѓето се дефинирани преку: - одржливо користење на земјиштето и други ресурси, - минимизирање на емисиите настаклени̇чки гасови, - минимизирање на негативнитевлијанија врз квалитетот на воздухот и здравјето на луѓето, - минимизирање на негативнитевлијанија врз квалитетот на водата, - заштита на земјиштето икултурното наследство, - заштита на биолошкатаразновидност, - заштита и подобрување на условите за живот на населениетои - подобрување на квалитетот на воздухот.	Целите на Планот за подобрување на квалитетот на воздухот директно се поврзанисо целите дефинирани во Регионалниот план за управување со отпадот во Југозападниот регион во делотна заштитата на животната средина и здравјето на луѓето.
Програма за развојна Југозападниот плански регион 2021-2026	Програмата за развој на Југозападниот плански регион 2021-2026 е документ усогласенсо Националната стратегија за рамномерен регионал развој на РСМ. Една од дефинираните стратешки цели на Програмата еподобрување на состојбите во туризмот, културниот развој и заштитата и унапредувањето наживотната средина. Дел од приоритетите за остварување наоваа стратешка цел се и заштитата животната средина,	Целите на Планот за подобрување на квалитетот на воздухот во Општина Струга сево согласност со дефиниранитестратешки цели на Програматаза развој на Југозападниот плански регион 2021-2026.

РЕГИОНАЛНИ И ЛОКАЛНИ ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ		
	подобрување на енергетската ефикасност и искористување на обновливи извори на енергија.	
Годишен акциски план за 2023 за реализација на Програмата за развој на Југозападниот плански регион 2021-2026	Годишен акциски план за 2023 зареализација на Програмата за развој на Југозападниот планскирегион 2021-2026 ги определува среднорочните цели, приоритетите, мерките и активностите преку кои се реализираат целите востановениво Програмата за развој на Југозападниот плански регион 2021-2026	Дефинираните стратешки цели во Годишен акциски план за 2023за реализација на Програмата заразвој на Југозападниот плански регион 2021-2026 вклучуваат приоритети за заштита на животната средина, подобрувањена енергетската ефикасност и искористување на обновливи извори на енергија. Овие приоритети се директно поврзанисо целите на Планот за подобрување на квалитетот на воздухот.
Програмата за родова еднаквост за 2024 на општина Струга	- Програмата за родова еднаквост за 2024 година има за цел да ги поттикне значајните активности во Општина Струга од родов аспект. - Образованието, социјалната заштита јакнењето на свеста на носителите на активностите - членовите на КЕМ во соработка со координаторот за еднакви можности се области каде што тој родов јаз е нај очигледен	Целите на програмата за родова еднаквост се имплицитно поврзани со Планот за квалитет на воздух заради активности насочени кон овозможување на еднакви можносто вопристапот до добра, услуги, информаци, здравствена, социјална заштита и образование.

5. ПРИКАЗ НА СОСТОЈБАТА НА КВАЛИТЕТОТ НА АМБИЕНТНИОТ ВОЗДУХ

5.1. Мрежа за мониторинг на квалитетот на воздухот

Следењето на состојбата со квалитетот на воздухот, односно вршење мониторинг на загадувачките супстанци заради нивна квалитативна и квантитативна идентификација е појдовен чекор во насока на превземање на адекватни мерки за намалување на количините на емисиите на загадувачките супстанци во воздухот и постигнување на оптимален квалитет на воздухот.

Согласно Законот за животна средина состојбата со квалитетот на амбиентниот воздух на територијата на Република Северна Македонија се следи преку државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на воздух со кој управува Министерството за животна средина и просторно планирање.

5.1.1. Државна мрежа за мониторинг на квалитетот на воздухот

Мониторинг станиците за следење на состојбата со квалитетот на воздухот кои се во состав на државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на воздух се поставени на микролокации одредени согласно член 3, Прилог 1 од Правилникот за методологија на мониторинг на амбиентен воздух, при што местата каде се поставени задоволуваат одредени карактеристики, како што е одредена ружа на ветрови на дадената микролокација, отвореноста на просторот во околината на станицата (да нема во близина високи дрвја, високи објекти и т.н.) со цел загадувачките супстанции кои се предмет на мерењата непречено да пристигнуваат до мерните станици.


Во рамките на државната мрежа за мониторинг на квалитетот на воздухот на територијата на Општина Струга не е поставена мерна станица.

5.1.2. Доставување на податоци и информации

Во согласност со член 44 од Законот за квалитет на амбиенетен воздух (Сл. Весник на РМ бр. 67/2004, 92/2007, 83/2009, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15, 146/2015 и 151/2021), Органите на државната управа, градоначалникот на општината и на градот Скопје и други субјекти кои вршат следење на квалитетот на амбиентниот воздух се должни податоците и информациите од мониторингот, да ги доставуваат до МЖСПП односно до секторот Македонскиот информативен центар за животна средина -МИЦЖС во Министерството за животна средина и просторно планирање.

МИЦЖС кој управува со државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на воздух ги собира сите информации за состојбата со квалитетот на воздухот, од сопствената мрежа ги собира податоците од мониторингот спроведен од страна на други институции и други извори како и од државната мрежа за мониторинг и локалните мрежи, и ги прави достапни на јавноста преку својот електронски информативен систем (преку WEB страната на МЖСПП http://air.moepp.gov.mk/претставена на Слика бр. 11), како и преку соодветни

информативни материјали: брошури, извештаи и слично.



Слика 11: Веб страна на МЖСПП за следење на квалитетот на воздухот

Основна функција на МИЦЖС е да обезбеди релевантни информации за состојбата, квалитетот и трендовите за воздухот кои се сеопфатни, прецизни, транспарентни и јавно достапни, и да изготвува информации за состојбата со мониторингот и квалитетот на воздухот.
Во случај на детектирање на надминување на граничните вредности и праговите за алармирање на поедини загадувачки супстанци МИЦЖС доставува известување за констатираната состојба до надлежните органи.

Собраните, обработените и верификуваните податоци и информации од мониторингот за квалитет на амбиентниот воздух и изворите на емисии, најмалку еднаш месечно МИЦЖС ги доставува до Управата за животната средина а по потреба и до Министерството за здравство, заводите за здравствена заштита и градските заводи за здравствена заштита, органот на државната управа надлежен за работите од областа на хидрометеорологијата, Центарот за известување и тревожење, како и до градоначалникот на општината и други релевантни државни органи и институции.

Согласно ратификуваните меѓународни договори, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина има обврска да ги презентира податоците за квалитетот на амбиентниот воздух и емисиите во амбиентниот воздух.

5.2. Анализа на состојбата со детални податоци за факторите кои се причина за загадувањето

При анализа на состојбата со квалитетот на амбиентниот воздух во општина Струга, земени се во предвид факторите кои директно влијаат на квалитетот на амбиентниот воздухот и дисперзија на загадувачки супстанции во воздухот (конфигурација на терен, климатските карактеристики и сл.) како и факторите кои влијаат на емисиите на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух (типот на изворот на загадување, типот на горивата кои се користат, начинот на загревање на објектите, застапеност на индустриски објекти и сл.).

5.2.1. Фактори кои директно влијаат на квалитетот на амбиентниот воздухот и дисперзија на загадувачки супстанции во воздухот

Географски, орографски и метеоролошки услови

Конфигурацијата на теренот и климатските карактеристики на разгледуваната област имаат значајна улога при разгледувањето на состојбите со квалитетот на воздухот.

Географските карактеристики на Општина Струга, отворениот простор на Охридското Езеро, поволните метеоролошките услови и ветровите претежно од северен правец овозможуваат дисперзирање на потенцијално емитираните загадувачки супстанции во воздухот.

На територијата на Општина Струга критично подрачје од аспект на квалитетот на воздухот е урбаниот дел на градот Струга. Основни фактори кои допринесуваат до нарушен квалитет на водухот во градот Струга особено во текот на зимските месеци но исто така и во текот на туристичката сезона се интензивниот сообраќај во централното градско подрачје, интензивната урбанизација во градското подрачје, начинот на загревање на домаќинствата во текот на грејната сезона и близината на нерегулираната депонија која заради неадекватно одлагање и постапување со отпадот претставува извор на емисии на загадувачки супстанции во воздухот.

5.2.2. Фактори кои влијаат на емисии на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух

Квалитетот на амбиентниот воздух генерално е резултат на емисиите на загадувачки супстанции кои потекнуваат од согорувањето на фосилните горива во секторите индустрија, транспорт, енергетика, користењето на горива за загревање на домаќинствата и јавните објекти, како и емисиите на загадувачки супстанции од секторите отпад и земјоделие.

Согласно Годишниот извештај за воздух за 2022 издаден од Македонскиот информативен центар за животна средина во 202 година, следниве сектори се идентификувани како клучни извори на емисија на национално ниво и тоа:

- емисиите на NOx главно потекнуваат од секторите транспорт, енергетика и согорување на горива во индустриски процеси,
- емисиите на SOx доминантно потекнуваат од секторот енергетика,
- емисиите на CO, PM_{10} и $PM_{2,5}$ главно потекнуваат од согорување на гориво во домаќинствата и административните капацитети ,
- индустриските процеси учествуваат со најголем удел во емисиите на NMVOC и
- најголем удел во емисиите на тешки метали има секторот енергетика.

Емисиите на загадувачки супстанции на локално ниво се следат преку мониторинг на емисиите од клучните извори на емисија, а ефектите од емитираните количества на загадувачки супстанции во воздухот се следат преку континуиран локален мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух.
Емисиите на загадувачки супстанции во воздухот директно зависат од типот, квалитетот и потрошувачката на горивото кое се користи во поедини сектори и


дејности. Правилникот за квалитетот на течните горива (Службен весник на РМ бр. 90/06) го дефинира квалитетот на горивата кои се нудат на Македонскиот пазар преку главните параметри кои треба да бидат задоволени од страна на едно гориво пред да биде пуштено на пазар (содржина на сулфур, олово, олефини, аромати, бензен, оксигенати, октански број, дестилација, напон на пареи, вискозност и сл.).

Во возниот парк што се користи во патниот транспорт во Македонија најмногу има возила со повеќе од 10 години старост. Во последните 20 години забележан тренд на зголемување на годините на старост на возилата во Македонија. Просечната старост на патничките автомобили во последниве години се движи од 14,4 до 19,3 години, на автобусите од 20 до 15,3 години и на товарните возила од 16,4 до 14,7 години. (*Извор: МЖСПП / Извештаи / Индикатори за животна средина / ТРАНСПОРТ / МК – НИ 055*)

Секторот отпад претставува еден од значајните загадувачи на амбиентниот воздух. Неадекватното одлагање, складирање и постапување со отпадот продуцира процеси при кои се емитираат загадувачки супстанци во воздухот.
Земјоделство е исто така значаен извор на емисии загадувачки супстанции особено на стаклени гасови: CH_4, N_2O и CO_2. Емисиите на стаклени гасови од земјоделскиот сектор учествуваат со 8-15% во вкупните емисии и се состојат од метан (CH_4) и диазот оксид (N_2O) коишто потекнуваат од следниве извори: ентерични ферментации од домашни животни, емисии од управување со ѓубрива во однос на органски и азотни соединенија, емисии од оризови полиња, директни емисии од земјоделски почви како и индиректни емисии од азотот искористен во земјоделството и емисии од горење на земјоделските остатоци.

Под влијание на зголемување на емисиите на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух настануваат долгорочни промени на глобално ниво во форма на три основни појави кои во денешно време се потврдени:

- Зголемување на концентрацијата на CO_2 (ефект на стаклена градина).
- Намалување односно промени во концентрацијата на озонот во стратосферата,
- Концентрирање на сулфатите кои ја зголемуваат киселоста на воздухот и појава на кисели дождови.



Слика 12: Дисперзија на загадувачки супстанци емитирани од оџак на фабрика во атмосферата

5.3. Учество на секторите во емитирање на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух

Емисиите на загадувачки супстанции во воздухот произлегуваат од секојдневните активности, високиот степен на индустрализација и зголемената потрошувачка на енергија. Изворите на емисија пред сé се анализираат според активностите при кои се емитираат загадувачки супстанции во воздухот.

Главна причина за нарушениот квалитет на амбиентниот воздух се емисиите на загадувачки супстанци кои потекуваат од различни извори на емисија. Главни сектори идентификувани како извори на загадувачки супстанци се: индустријата, енергетиката, затоплувањето на домаќинствата и административните капацитети, транспортот, земјоделието и отпадот.

Од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање во 2023 година е подготвен Информативен извештај за инвентар на емисии 1990-2021. Во рамките на овој извештај за пресметување на емисиите се користени емисиони фактори од најновиот прирачник за изработка на инвентар на емисии EMEP/EEA air pollutant emission inventory guidebook 2019. Во овој извештај податоците за емисиите на загадувачки супстанции во Република Македонија се презентирани согласно NFR (Nomenclature For Reporting) категориите при што како влезни податоци се користени официјални статистички податоци објавени од Државниот завод за статистика и податоци од надлежните министерства.


Податоците презентирани во Информативниот извештај за инвентар на емисии 1990-2021 покажуваат кои се клучните извори на емисии на загадувачки супстанции во воздухот според NFR на национално ниво.

NFR категориите за кои се направени пресметки на годишните емисии на загадувачки супстанции во воздухот во Република Северна Македонија се прикажани на следната табела.

Табела 25: Категоризација по сектори и NFR категории

NFR категорија	NFR подкатегорија	Назив
1	1.A.1	Производство на ел. и топлинска енергија
	1.A.2	Согорување на горива во индустриски процеси
	1.A.3	Транспорт
	1.A.4	Домаќинства и административни капацитети
	1.A.5	Друго
	1.B	Фугитивни емисии
2		Индустрија
3		Земјоделство
5		Отпад


Согласно CLRTAP (Convention on Long-Range Transboundary Air Pollution) во 2023 година од Македонскиот информативен центар за животна средина подготвен е Информативен извештај за инвентар на емисии за период 1990-2021 година.
Во продолжение се прикажани податоците за вкупните емисии на загадувачки супстанции, цврсти честички и тешки метали во 2021 година презентирани во Информативниот извештај за инвентар на емисии за период 1990-2021 година.



Извор: Информативен извештај за инвентар на емисии за период 1990-2021 година, МИЦЖС 2023

График 2: Вкупни емисии на основните загадувачки супстанции и цврсти честички за 2021 година

Уделот на секторите во вкупните емисии на загадувачки супстанции во 2021 е прикажан на следниот график.



Извор: Информативен извештај за инвентар на емисии за период 1990-2021 година, МИЦЖС 2023


График 3: Удел на секторите во вкупните емисии на основните загадувачки супстанции и цврсти честички за 2021 година

Од прикажаните податоци евидентно е дека во Република Северна Македонија:

- доминантен удел во емисијата на CO има секторот домаќинства и административни капацитети, а значителен удел имаат секторот транспорт и секторот согорување на горива во индустриски процеси,
- најголем удел во емисијата на TSP, PM_{10} и $PM_{2,5}$ имаат секторите домаќинства и административни капацитети и производство на енергија,
- најголем удел во емисијата на NH_3 има земјоделството,
- најголем удел во емисијата на SOx има производството на енергија,

- најголем удел во емисијата на NMVOC имаат индустријата и домаќинствата и административните капацитети и
- најголем удел во емисијата на NOx има транспортот и производството на енергија.

На следната слика се прикажани вкупните емисии на тешки метали во Република Северна Македонија во 2021 година.




	Pb [Mg]	Cd [Mg]	Hg [Mg]	As [Mg]	Cr [Mg]	Cu [Mg]	Ni [Mg]	Se [Mg]	Zn [Mg]
вкупни емисии	2,06	0,19	0,17	0,34	0,57	2,08	0,97	1,09	6,7

Извор: Информативен извештај за инвентар на емисии за период 1990-2021 година, МИЦЖС 2023

Слика 13: Вкупни емисии на тешки метали за 2021 година

Уделот на секторите во вкупните емисии на тешки метали е прикажан на следниот график.



Извор: Информативен извештај за инвентар на емисии за период 1990-2021 година, МИЦЖС 2023

График 4: Удел на секторите во вкупние емисии на тешки метали за 2021 година

Од прикажаното евидентно е дека клучен извор за емисиите на тешки метали е секторот производство на енергија. Во однос на емисиите на тешки метали треба да се потенцира дека истите се значително редуцирани во однос на емисиите во базната 1990 година што е прикажано на следната табела.

Табела 26: Споредба на емисиите на тешки метали во 2021 во однос на базната 1990 година

Протокол за тешки метали	Емисии во 1990 година	Емисии во 2021 година	Разлика 2021-1990	Редукција во однос на 1990 [%]
Pb [Mg]	232,48	2,06	-230,42	-99,11
Cd [Mg]	1,60	0,19	-1,41	-88,13
Hg [Mg]	0,65	0,17	-0,48	-73,85

Извор: Информативен извештај за инвентар на емисии за период 1990-2021 година, МИЦЖС 2023

5.4. Гранични вредности на загадувачки супстанции во амбиентен воздух

Граничните вредности на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух се регулирани со Уредба за гранични вредности за нивоа и видови на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух и прагови на алармирање, рокови за постигнување на граничните вредности, маргини и толеранција за гранична вредност, целни вредности и долгорочни цели (Службен Весник на РМ бр. 50/05, 41/13, 183/17) и истите се претставени за секоја загадувачка материја поединечно во следната табела.

Табела 27: Гранични вредности за загадувачките супстанции SO_2, NO_2, PM_{10},$PM_{2,5}$, CO, O_3

Загадувачка супстанција	Просечно време на пресметување	Гранична вредност
SO_2		
Часовна гранична вредност за заштита на човековото здравје по часови	1 час	350 μg/m^3, да не се надминати повеќе од 24 пати во текот на една календарска година
Дневна гранична вредност за заштита на човековото здравје	24 часа	125 μg/m^3, да не се надминати повеќе од 3 пати во текот на една календарска година
Гранична вредност за заштита на екосистеми	Календарска година и зима (од 1ви октомври до 31ви март)	20 μg/m^3
NO_2		
Часовна гранична вредност за заштита на човековото здравје по часови	1 час	200 μg/m^3, NO_2 да не се надминати повеќе од 18 пати во текот на една календарска година
Годишна гранична вредност за заштита на човековото здравје	Календарска година	40 μg/m^3 NO_2
Гранична вредност за заштита на вегетација	Календарска година	30 μg/m^3 NO_x
PM_{10}		
Дневна гранична вредност за заштита на човековото здравје	24 часа	50 μg/m^3, да не се надминати повеќе од 35 пати во текот на една календарска година
Годишна гранична вредност за заштита на човековото здравје	Календарска година	40 μg/m^3
$PM_{2,5}$		
Годишна гранична вредност за заштита на човековото здравје	Календарска година	25 μg/m^3
CO		
Гранична вредност за заштита на човековото здравје	Максимална дневна 8-часовна просечна вредност	10 mg/m^3
O_3		
Целна вредност за заштита на здравјето на луѓето	Максимална 8 часовна просечна концентрација	120 μg/m^3, да не се надминати повеќе од 25 дена во секоја календарска година со просечна вредност мерена за период од три години
Целна вредност за заштита на вегетација	AOT 40, пресметано од 1 часовна вредност од мај до јули	18.000 μg/m^3 h Просечна пресметана вредност

Табела 28: Гранични / целни вредности за концентрација на тешки метали во PM_{10} честички (олово, арсен, кадмиум и никел)

Тешки метали во PM_{10} честички	Гранична вредност за заштита на човековото здравје во календарска година
Олово	0,5 μg/m³
Тешки метали во PM10 честички	Целна вредност за заштита на човековото здравје во календарска година
Арсен	6 ng/m^3
Кадмиум	5 ng/m^3
Никел	20 ng/m^3

5.5. Историски пречекорувања и загадувања на квалитетот на воздухот

Во Република Македонија, почнувајќи од 1990 година се вршат континуирани мерења на квалитетот на воздухот. Во периодот до 2003 година, квалитетот на воздухот се следеше преку 24 - часовни концентрации на SO_2 и чад.

На територијата на Општина Струга не е поставена мерна станица од страна на Државниот автоматски мониторинг систем со која се следи квалитетот на воздухот во Струга. Исто така, на територијата на општината не се вршени било какви индикативни мерења на квалитетот на амбиентниот воздух. Поради ова, во отсуство на податоци за мониторинг на квалитетот на воздухот не е можно да се даде било каква оценка за квалитетот на воздухот во Општина Струга во изминатиот период.

5.6.5 Препораки

Потребно е креирање и спроведување на целни и континуирани превентивни и промотивни здравствени мерки и кампањи за намалување на стапката на приоритетните јавно-здравствени проблеми и предизвици, особено во однос на респираторните заболувања како причина за болнички приеми, но и во однос на ракот на бели дробови кај населението во општината. Иако стапките на рак на бели дробови се незначително пониски од националните, акцентот треба да се стави на едукација и промоција на здрави животни стилови за целокупното население во општината но особено нај женската популација во општината, а втората целна група треба да биде и населението над 45 години и повеќе со цел намалување на стапките на рак на бели дробови. Подобрувањето на пристапот до податоци, особено во однос на податоците за смртноста во РС Македонија но и на локално ниво, временски соодветно и во адекватен формат потребен за ваквите проценки, е важна препорака не само до Државниот завод за статистика туку и до институциите на системот кои агрегираат податоци, приоритет на кој што треба да се стави посебен акцент.

Наодите од ваквиот тип на анализи, проценки и студии кои се фокусираат на бројот на загубени животи (предвремена смртност) заради изложеност на тековните нивоа на загадување на амбиентниот воздух, треба да бидат основа за креирање на целните политики, планови и акции со кои ќе се намалат не само концентрациите на загадувачките супстанци (суспендираните честички пред сè), туку и загубите во однос на човечки животи, скратување на очекуваното траење на животниот век и квалитетот на животот воопшто.

И она што е најважно, ваквите студии, проценки и здравствени индикатори се моќна

алатка за оценка на ефективноста на донесените политики, програми и имплементираните мерки во сите ресори и на сите нивоа (национално и локално). Во функција на ова, овие студии-проценки треба да се прават регуларно на секои 2 години.

6. АНАЛИЗА НА ПОТЕКЛОТО НА ЕМИСИИТЕ

6.1. АНАЛИЗА НА ИЗВОРИТЕ НА ЗАГАДУВАЊЕ

Изработката на Катастар на загадувачи на територијата на Општина Струга е во тек поради што во анализата на потеклото на емисиите разгледувани се расположливите податоци за:
- субјектите со А и Б интегрирани дозволи на територијата на општина Струга,
- типот и количествата на потрошено гориво за загревање на административните капацитети и домаќинствата,
- количеството на согорено гориво во секторот транспорт,
- управувањето со отпад и
- земјоделските активности на територијата на општина Струга.

Врз основа на идентификуваните извори на емисии на загадувачки супстанции во воздухот за потребите на овој документ врз база на достапните податоци направени се пресметки на годишните емисии на загадувачки супстанции од поединечните сектори на емисија.

Во пресметките се користени емисиони фактори согласно најновиот прирачник на EMEP/EEA од 2019 година притоа имајќи ги во предвид достапните податоци и експертските сознанија за постоечките користени технологии во разгледуваните сектори. Опфатени се следните сектори на емисија: индустрија, транспорт, административни капацитети, домаќинства, индустриски активности и употреба на производи, отпад и земјоделие.

Податоците користени за пресметка на годишните емисии на загадувачки супстанции по сектори на емисија се превземени од официјални извори на податоци: МАКСТАТ дата базата, Статистички годишник на Република Северна Македонија за 2021 и други официјални извештаи од Државниот завод за статистика.


Пресметките на емисиите во воздух од деловните субјекти на територија на Општина Струга се направени врз база на достапните податоци за деловните субјекти идентификувани како извори на загадување.

Според податоците на МЖСПП и Општина Струга на територијата на општината дејност обавуваат една инсталација со А интегрирана еколошка дозвола (Илинден АД Струга - две асфалтни и две бетонски бази) и повеќе инсталации со Б интегрирана еколошка дозвола од кои повеќето се каменоломи и бетонски бази од кои нема точкасти извори на емисија.

Просторната распределеност на деловните субјекти (производни и непроизводни) во општина Струга кои се идентификувани како извори на загадување е прикажана на сликите што следат.



Слика 14: Просторна распределеност на производните деловни субјекти во општина Струга



Слика 15: Просторна распределеност на непроизводните деловни субјекти воопштина Струга

6.1.1. Емисии од деловните субјекти на територија на општина Струга

Во однос на дејностите анализирани се достапните податоци за производните процеси во деловните субјекти на територијата на Општина Струга.

Пресметките на емисиите на загадувачки супстанции во воздух се направени согласно EMEP/EEA упатството од 2019 година користејќи емисиони фактори согласно Tier 1 методолошкиот пристап.
При пресметка на емисиите од производните деловни субјекти земени се во предвид:
- емисиите од согорување на гориво при работата на субјектите при што како влезен податок е земено вкупното количество на согорено гориво,
- фугитивните емисии од производните процеси при што како влезен податок се користи количеството на готови производи или количествата на влезни суровини во производниот процес,
- емисии од градење и уривање при што како влезен податок се користи податокот од МАКСТАТ базата за вкупна годишна површина на завршени станови во објекти за домување изградени од деловни субјекти (Во МАКСТАТ базата достапни се податоци за "Извршени градежни работи и завршени станови во објекти за домување градени од деловни субјекти, по општини, годишно" и заради фактор дека објектите за домување може да бидат колективни и индивидуални при пресметката е земен како емисионен фактори е земена просечната вредност на емисионите фактори од Табела 3.1-Construction of houses и Табела 3.2-Construction of apartment buildings одEMEP/EEA упатството од 2019 година) и
- емисии од употреба на растворувачи и производи при што како влезни податоци се користат податоците од Државниот завод за Статистика за број на население на ниво на општина.

При пресметка на емисиите од асфалтната база на АД Илинден Струга се зема предвид дека согласно издадената А Интегрирана еколошка дозвола, асфалтната база има применето најдобро достапни техники за контрола на емисиите преку инсталирање на филтер со ефикасност од 99%. Поради ова вредностите за емисионите фактори се земени од табела 3.1 страна 9 од Упатството за пресметка на емисии од 2019 година.

Фугитивните емисии од процесите во каменоломи и асфалтни бази се вклучени во емисиите од индустриските процеси.

Податоците за пресметка на емисиите од инсталациите со А и Б Интегрирани еколошки дозволи се земени од самите дозволи издадени од МЖСПП и Општина Струга.

Емисиите на NH_3 од фармите за одгледување на животни не се вклучени во емисиите од индустриски процеси бидејќи истите се пресметани во секторот земјоделие.

Пресметаните емисии се прикажани во табела 40.

Табела 40: Пресметани емисии од производните индустрии во општина Струга

	Загадувачка супстанција						
	NOx	**CO**	**NMVOC**	**SOx**	**TSP**	**PM_{10}**	**$PM_{2.5}$**
	Единица мерка Mg (t)						
Индустриски процеси	220,87	19,26	1,27	3,37	59,70	26,38	2,76
Градење и уривање					42,52	12,84	1,28
Употреба на растворувачи и производи			119,80				
Вкупни емисии од производни индустрии	**220,87**	**19,26**	**121,07**	**3,37**	**102,22**	**39,22**	**4,04**

Емисиите на метали и други загадувачки супстанции на воздухот од производните индустрии се прикажани на следните табели.

Табела 41: Емисии на метали од производните индустрии во општина Струга

	Загадувачка супстанција								
	Pb	**Cd**	**Hg**	**As**	**Cr**	**Cu**	**Ni**	**Se**	**Zn**
	Единица мерка Mg (t)								
Индустриски процеси	0,00002	0,0000004	0,0000003	0,000001	0,00003	0,000009	0,0004	0,0000003	0,00005

Табела 42: Емисии на PAH, HCB и PCB од производните индустрии во општина Струга

	Загадувачка супстанција					
	Benzo(a) pyrene	Benzo(b) fluoranthene	Benzo(k) flouranthene	Indeno (1,2,3-cd) pyrene	HCB	PCB
	Единица мерка Mg (t)					
Индустриски процеси	0,00000001	0,00000004	0,000000005	0,000000004	0,000000001	0,0000000000004

Според достапните податоци за субјектите во кои не се одвиваат индустриски процеси анализирани се субјектите со мали ложишта и тоа: административни субјекти на територијата на општина Струга, основни и средни училишта во Струга, јавни установи за згрижување на деца (градинки) и др. Најголем дел од административните субјекти во општина Струга за загревање користат нафта, пелети или огревно дрво.

Влезни параметри при пресметката на емисии од администативните капацитети е годишното количество на потрошено гориво по тип на гориво. Користени се емисиони фактори согласно tier 1 методолошкиот пристап од EMEP/EEA упатството од 2019 година.

Емисиите во воздух од малите ложишта од администативните капацитети во општина Струга се прикажани во следните табели.

Табела 43: Емисии во воздухот на основните загадувачки супстанции од административни капацитети

Емисии од административни капацитети	NOx	CO	NMVOC	SOx	NH_3	TSP	PM_{10}	$PM_{2.5}$
	тони/ годишно							
	0,24	**0,48**	**0,24**	**0,06**	**0,03**	**0,14**	**0,13**	**0,13**

Табела 44: Пресметани емисии на метали од административни капацитети

Емисии од административни капацитети	Pb	Cd	Hg	As	Cr	Cu	Ni	Se	Zn
	тони/ годишно								
	0,00002	**0,00001**	**0,0000005**	**0,0000001**	**0,00002**	**0,000001**	**0,0001**	**0,0000004**	**0,004**

Табела 45: Пресметани емисии на PAH, HCB и PCB од административни капацитети

Емисии од административни капацитети	Benzo(a)pyrene	Benzo(b) fluoranthene	Benzo(k) fluoranthene	Indeno(1,2,3-cd)pyrene	HCB	PCB
	тони/ годишно					
	0,00001	**0,00001**	**0,000004**	**0,000003**	**0,000000004**	**0,00000000005**

6.1.2. Емисии од резиденцијални извори (домаќинства)

Индивидуалните домаќинствата во општина Струга, како во урбаниот дел на градот Струга така и во руралниот дел за загревање на домовите и административните капацитети се користат индивидуални системи за греење кои работат претежно на огревно дрво, нафта и електрична енергија.

Во отсуство на податоци за количините на потрошено гориво по тип на гориво на територијата на општина Струга, пресметката на емисиите од резиденцијалните извори е направена користејќи податоци од Енергетскиот биланс за 2021 издаден од Државниот завод за статистика со апроксимација на количеството на потрошено гориво од домаќинствата во општина Струга спрема процентуалниот удел на жителите на општина Струга во вкупниот број на жители во Република Северна Македонија според МАКСТАТ базата на Државниот завод за статистика.

Пресметките на вкупните емисии се направени согласно EMEP/EEA упатството од 2019 година користејќи tier 1 методолошки пристап.

На следната табела се прикажани податоците за вкупните количества на емитирани загадувачки супстанции во воздухот од домаќинствата во Општина Струга.

Табела 46: Емисии на загадувачки супстанции од домаќинствата во Општина Струга

сектор	Загадувачка супстанција							
	NOx	CO	NMVOC	SOx	NH_3	TSP	PM_{10}	$PM_{2,5}$
	Единица мерка Mg(t)							
Домаќинства	11,90	908,12	136,07	3,24	15,85	181,83	172,26	167,73

Табела 47: Вкупна емисија на тешки метали од домаќинствата во Општина Струга

сектор	Загадувачка супстанција								
	Pb	**Cd**	**Hg**	**As**	**Cr**	**Cu**	**Ni**	**Se**	**Zn**
	Единица мерка Mg(t)								
Домаќинства	0,01	0,003	0,0001	0,00004	0,01	0,001	0,0005	0,0002	0,12

Табела 48: Вкупни емисии на PAH-s, HCB и PCB емитирани од домаќинствата во Општина Струга

сектор	Загадувачка супстанција					
	Benzo(a)pyrene	Benzo(b) fluoranthene	Benzo(k) fluoranthene	Indeno(1,2,3-cd)pyrene	HCB	PCB
	Единица мерка Mg(t)					
домаќинства	0,03	0,03	0,01	0,02	0,000001	0,0000001

6.1.3. Емисии од сообраќај

Локалниот инвентар на загадувачки супстанции во воздухот во секторот транспорт за градот Струга ги вклучува емисиите на издувните гасови од патниот сообраќај, емисиите поврзани со испарувањето на бензинот од возилата, абењето на пневматиците и сопирачките на возилата и емисиите од прашината од патиштата.
Патен сообраќај

Методологијата на пресметка на емисиите е земена од упатствата на EEA, каде се препорачува користење на највисоко ниво на детална пресметка (Tier 3), т.е пресметување на емисиите со користење на COPERT модел. За пресметување на емисиите на локалниот сообраќај во Струга користен е модел Copert 5.5.1.

Развојот на користениот модел COPERT 5.5.1 го координира Европската Агенција за Животна средина (EEA), во рамките на активностите на Европскиот тематски центарза загадување на воздухот и ублажување на климатските промени.

Моделот COPERT се користи како официјална алатка за пресметка на емисионите инвентари во делот на транспорт во повеќе Европски земји. Оттаму и методологијата која ја користи моделот е дел од Прирачникот за пресметка на инвентарот на емисии од загадувачки честички во воздухот. Моделот обезбедува веродостојна и стандардизирана, како и конзистентна и споредлива пресметка, во согласност со барањата на меѓународните конвенции и протоколи и Европската регулатива.

Во следната табела е наведена категоризацијата на возниот парк во Струга која е користена за пресметка на емисиите од издувните гасови на возилата.

Патнички автомобили - PC (165 видови)

- Бензински (мини, мали, средни, големи-SUV)
- Дизел (мини, мали, средни, големи-SUV)
- Бензински хибрид (мини, мали, средни, големи)
- Бензински plug-in хибрид (мали, средни, големи)
- Дизелски plug-in хибрид (големи-SUV)
- LPG bifuel (мини, мали, средни, големи-SUV)
- CNG bifuel (мини, мали, средни, големи-SUV)

Лесни комерцијални возила - LDV [камиони и фургони] (54 видови)

- Бензински (N1-I, N1-II, N1-III)
- Дизел (N1-I, N1-II, N1-III)

Тешки товарни возила - HDV [167 видови]

- Бензински камиони
- Дизел камиони (14 категории по тежина)
- Автобуси (3 дизел категории, хибридни, CNG, B30)
- Меѓуградски (2 категории)

Моторцикли - L категорија [46 видови]

- Мопеди <50 cc (2-тактни, 4-тактни)
- Мотоцикли (2-тактни, <250 cc, 250-750 cc, >750 cc)
- Возила за сите терени (ATV)
- Мини автомобили

Како што е прикажано во табелата, емисиите за секоја загадувачка супстанција се пресметани и детално распределени во **432 категории**.

Влезни податоци во моделот:

Податоците за возниот парк во Струга (за 2021 година) се добиени од Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП). МЖСПП ги обезбедува податоците како дел од меѓусебниот договор за размена на податоци меѓу Министерствоно за внатрешни работи (МВР) и МЖСПП.

Во пресметките користени се детални серии на податоци категоризирани по:

а) тип на возила (патнички, лесни возила, тешки возила, автобуси, мопеди, мотоцикли),

б) тип на мотор (бензински четиритактен, бензински двотактен, дизел, ротационен мотор и електромотор),

в) капацитет на цилиндарот (<0,8 lit, 0,8-1,4 lit 1,4-2,0 lit, >2,0 lit),

г) класа по тежина (Крута<7,5 т, 7,5-12 т, 12-14 т, 14-20 т, 20-26 т, 26-28 т, 28-32 т, > 32 т, артикулирани 14-20 т, 20-28 t, 28-34 t, 34-40 t, 40-50 t, 50-60 t) и

д) старост на возилата (распределба на возилата по ECE категории според директивите на ЕУ).


Покрај наведените податоци, користени се и податоци за количината на сите видови течни и гасовити горива потрошени во патниот транспорт. Податоците за потрошени горива во патниот транспорт кои се користени во моделот се пресметани како пропорција од вкупно потрошените горива на национално ниво (земени од годишните национални енергетски биланси кои ги издава Државниот завод за статистика) и бројот на регистрирани возила во градот Струга. Дополнително, во моделот COPERT користени се и метеоролошки податоци т.е. просечни месечни податоци за минимална и максимална температура во Струга. Потребните метеоролошки податоци се добиениод метеоролошки набљудувања од Управата за хидрометеоролошки работи.

За да се пресметаат емисиите на SO2 од согорувањето на бензинот и дизелот, користени се национални вредности за количината на сулфурот во секој тип на гориво (произведено и пласирано на пазарот).

Дополнителни податоци како: километража на автопатиштата, рурален и градски транспорт, просечна брзина на различни возила и различни категории на патишта, просечно дневно растојание на патувања, се стручни проценки или стандардни податоци кои ги проценува самиот COPERT модел. Еуро стандардот на возилата е пресметан според годината на производство на секое возило користејќи ја COPERT структурата.

Според податоците за возниот парк достапни за 2021 година, во Струга се регистрирани вкупно **17114** возила. Бројот на трактори, специјални работни возила и приколки е исклучен од пресметката.

Графикот на Слика 16 го прикажува составот на возниот парк во Струга по различни категории на возила, додека графикот на Слика17 ја прикажува застапеноста на секоја категорија на возила со различен Еуро стандард.



Слика 16: Состав на возниот парк во Струга по категорија на возила во 2021 година

Доминантна категорија на возилата во Струга се патничките возила и се застапени со 88% од вкупниот возен парк. Останатите 12% од возилата припаѓаат на категориите лесни товарни возила (6%), тешки товарни возила (3%), а само 3% припаѓаат на категоријата мотоцикли и автобуси.




*Според Еуро Стандардите, мотоциклите се класифицирани до Еуро 3 класа. Класите Еуро 4 и Еуро 5 не се дефинирани

Слика 17: Класификација на возила по Еуро категории во Струга во 2021 година

Како што е прикажано на сликата погоре, доминантен Еуро стандард во целокупниот возен парк во Струга е категоријата Еуро 4 што претставува 34% од целокупниот возен парк, по што следува Еуро 3 категоријата со застапеност од 28% и Еуро 2 категоријата со 21%. Исклучок е категоријата мотоцикли каде доминантна категорија е Еуро 3 стандардот.

Се донесува заклучок дека возниот парк во Струга е доста стар т.е. повеќе од половината или околу **58%** од вкупниот возен парк во Струга го сочинуваат **возила со низок Еуро стандард (Еуро 0-3)**, а само **8% имаат повисоки Еуро 5 и Еуро 6 стандарди**.




Слика 18: Еуро стандарди по вид на возила во Струга во 2021 година

Како што се гледа на Слика 18, кај патничките возила, лесните товарни возила и автобусите доминираат возила со Еуро 4 стандард (патнички возила – 35%, лесни товарни возила – 40%, автобуси – 23%), додека кај тешките товарни возила, покрај Еуро 4 стандардот, најзастапен е Еуро 2 стандардот со 22% од вкупниот број. Тешките товарни возила кои имаат Еуро 2 стандард на моторот имаат повисоки емисиони фактори, а со тоа се и причинители за зголемување на емисиите на загадувачките супстанции во воздухот.

Возилата со повисоки Еуро стандарди (Еуро 5 и Еуро 6) се многу малку застапени во Струга. Најмногу ги има во категоријата тешки товарни возила (19%) и во категоријата автобуси (28%).


Категоријата на мотоцикли главно се состои од возила со Еуро 3 стандард што се смета за релативно еколошка категорија на возила.

Како што е прикажано на Слика 19, во однос на користењето на горива во патниот транспорт во Струга, според податоците добиени од Државниот завод за статистика од енергетските биланси за 2021 година, доминантен тип на гориво кој се користи кај возилата е дизелот, т.е. **68% од вкупниот број на возила во Струга користат дизел** како погонско гориво, наспроти 28% возила кои користат бензин. Само 4% од вкупниот број на возила користат ТНГ.



Слика 19: Застапеност на различни типови горива во патниот транспорт во Струга, 2021

Доколку се анализира погонското гориво само кај категоријата патнички возила (Слика 20), се гледа скоро истиот сооднос помеѓу различните горива, т.е. најдоминантна категорија се дизел погонските патнички возила кои се застапени со 66%, наспроти 29% возила со бензински мотор и само 5% патнички возила на течен нафтен гас.



Слика 20: Класификација на патнички возила по тип на гориво во Струга

Емисии од патен транспорт

Пресметаните емисии со COPERT моделот во категоријата патнички транспорт се прикажани во следната табела, вклучувајќи и испарување на бензините, како и емисиите на суспендираните честички (PM) кои се должат на абење на пневматиците и сопирачките на патните возила и прашината на површината на патиштата што ја предизвикуваат возилата. Во оваа категорија не се вклучени емисиите на PM суспендираните честички кои произлегуваат од издувните гасови на возилата. Фокусот е на оние честички кои се создаваат поради абењето на површините - а не на оние кои произлегуваат од повторното суспендирање на претходно депониран материјал.

Емисионите фактори со кои се пресметани емисиите за сите транспортни сектори се вградени во COPERT моделот и претставуваат стандардни емисиони фактори кои се пропишани од страна на Европската Агенција за Животна средина (EEA).

Во ова поглавје се пресметани и емисиите од испарување на бензините, т.е. пресметани се испарувачки емисии на NMVOC од возилата со бензински мотори. Емисиите од испарување на бензините се однесува на вкупните NMVOC емисии кои не потекнуваат од согорувачкиот процес на горивата.


При пресметка на емисиите на SO_2, земени се во предвид пропишаните гранични вредности на квалитативните својства на течните горива од Правилникот за квалитет на течни горива („Службен весник на РМ“ бр.88 од 13.07.2007 година).

Вкупните емисии од патниот сообраќај во Струга се споредливи со другите градови со слична големина на возниот парк во нашата Држава.

Табела 49: Вкупни емисии од секторот транспорт во Струга во 2021 година

NFR Категорија Патнички Транспорт	NOx t	NMVOC t	SO2 t	NH3 t	PM2.5 t	PM10 t	TSP t	CO t	Pb t	PCDD+ PCDF g-I-TEQ	PAHs t	PCB kg
патнички возила	71,8110	13,0586	1,0049	2,1793	3,7506	3,7506	3,7506	93,4518	0,0000	0,0056	0,0007	0,0000
лесни товарни возила	42,9989	2,4953	0,3591	0,0943	2,4209	2,4209	2,4209	15,5651	0,0000	0,0019	0,0003	0,0000
тешки товарни возила и автобуси	192,4221	7,6662	0,8268	0,1627	3,9509	3,9509	3,9509	45,1579	0,0000	0,0017	0,0005	0,0000
мотоцикли	0,0805	0,3193	0,0019	0,0011	0,0043	0,0043	0,0043	2,0557	0,0000	0,0000	0,0000	0,0000
испарување на бензини	NA	3,9264	NA	NA	NA	NA	NA	NA	NA	NA	NA	NA
абење на сопирачки и пневматици	NA	NA	NA	NA	2,8068	5,2840	6,8980	NA	0,0074	NE	NE	NE
абење на површина на патишта	NA	NA	NA	NA	1,4249	2,6386	5,2772	NA	NE	NE	NE	NE
Вкупно	**307,3125**	**27,4658**	**2,1926**	**2,4374**	**14,3584**	**18,0494**	**22,3020**	**156,2305**	**0,0074**	**0,0092**	**0,0014**	**0,0000**

На графиците во продолжение прикажана е емисијата за различни загадувачки супстанции распределена по категории на возила.




Слика 21: Удел на различни категории на возила во емисиите на загадувачките супстанции во Струга во 2021 година

Како што се забележува од Слика 21, патничките возила имаат најголем удел во емисиите на PM_{10}, CO и SO_2, или изразено во проценти - 40% од емисиите од PM_{10}, 60% од емисиите на CO и 46% од емисиите на SO_2 потекнуваат од патничките возила.

Додека, најголем удел во вкупните емисии на NOx, или 58% имаат тешките товарни возила.

Емисиите на CO од дизел моторите на возилата е многу помала од бензинските мотори на возилата, што се должи на вишокот воздух кој се користи при согорувањето на дизелот што пак ја зголемува конверзијата на CO во CO_2 во процесот на согорување. Така што, очекувано е најголемите емисии на CO од сообраќајниот сектордa доаѓаат од патничките возила, имајќи предвид дека голем дел од патничките автомобили регистрирани во Струга користат бензин како погонско гориво.

Со оглед на тоа што загадувачката супстанција PM_{10} е критична во Република Северна Македонија, посебен осврт е даден на уделот на патничките возила, како најдоминантна категорија на возила.



Слика 22: Удел на патнички возила во емисиите на PM10 по Euro стандарди во Струга во 2021 година

На сликата може да се види уделот на патничките возила по Euro категории во емисиите на PM_{10} честичките. Се донесува заклучок дека Euro 4 категоријата на патничките возила има најголем удел од 40%, со оглед на доминацијата на овој Euro стандард во целокупниот возен парк на патнички возила, додека најстарите категории на возила (Конвенционални, Euro 1, Euro 2 и Euro 3) придонесуваат со околу 52% во вкупните емисии на PM_{10}. Почистите технологии (Euro 5 и Euro 6) имаат минимален удел во емисиите на PM_{10} со вкупно 8% што е показател за многу малиот број на патнички возила со повисоки Euro стандарди.

Од направените анализи за секторот патнички транспорт се донесува заклучок дека емисиите на загадувачките супстанции во најголема мера се должи на застарениот возен парк и доминацијата на нечисти горива. Иницијативи за користење на возила со повисоки Euro стандарди, промовирање на возила кои користат чисти погонски горива (гас, метан, електрична енергија) ќе допринесат во намалување на емисиите на градот.

Иако градот Струга има одредена активност во езерскиот сообраќај, поради недостаток на податоци емисиите кои потекнуваат од езерскиот сообраќај не се пресметани. Но, се проценува дека тие емисии се занемарливи, затоа што освен мали рибарски бродчиња нема сообраќај со поголеми патнички бродови.

Со оглед на релативно стариот возен парк и доминација на возила со низок Euro стандард во градот Струга, потребна е интервенција со мерки за намалување на емисиите од загадувачките супстанции од сообраќајот, во насока на доделување на субвенции и поволности точкасти кон стимулација на граѓаните за замена на старите и нееколошки возила со возила кои имаат повисоки Euro стандарди, кои користат почисти горива, како и користење на јавен превоз, унапредување на инфраструктура за користење на алтернативен првоз (велосипед, пешачење итн.).

6.1.4. Емисии од сектор отпад

Емисиите кои потекнуваат од активностите за управување со отпад на територијата на Општина Струга се пресметани согласно EMEP/EEA прирачникот од 2019. Пресметките се базираат на податоци за број на население во Општина Струга од базата МАКСТАТ, количеството генериран отпад по глава на жител во 2021 година и трендовите за количествата на создаден отпад по глава на жител согласно Националниот план за управување со отпад. За пресметка на емисиите од палење на отпад на отворено користени се податоци од МАКСТАТ на површина на обработливо земјоделско земјиште од кое се генерира отпад кој се пали на отворено.

На следните табели прикажани се годишните емисии на загадувачки супстанции од секторот отпад во Општина Струга.

Табела 50: Емисии на загадувачки супстанции од секторот отпад

активност	Загадувачка супстанција						
	NOx	CO	NMVOC	SOx	TSP	PM_{10}	$PM_{2.5}$
	Тони/годишно						
Биолошки третман на отпад - одлагање на депонија	/	/	56,69	/	0,02	0,01	0,0008
Палење на отпад на отворено	0,82	14,38	0,32	0,03	1,20	1,16	1,08
Вкупно за сектор отпад	**0,82**	**14,38**	**57,01**	**0,03**	**1,22**	**1,17**	**1,0808**

Табела 51: Емисии на тешки метали од секторот отпад

активност	Загадувачка супстанција						
	Pb	Cd	As	Cr	Cu	Se	Zn
	Тони/годишно						
Палење на отпад на отворено	0,0001	0,00003	0,0001	0,000003	0,00005	0,00002	0,005

Табела 52: Емисии на PAH-s од секторот отпад

активност	Загадувачка супстанција		
	Benzo[a]pyrene	Benzo[b]flouranthene	Benzo[k]flouranthene
	Тони/годишно		
Палење на отпад на отворено	0,000003	0,000005	0,000007

6.1.5. Емисии од земјоделие

Емисиите на загадувачки супстанции од секторот земјоделие се презметани согласно EMEP/EEA прирачникот од 2019 при што се користени официјални податоци од Државниот завод за статистика за број на домашни животни што се одгледуваат, податоци за земјоделски површини по категории на користење и соодветниот удел во Општина Струга. Во пресметките се користени емисиони фактори согласно EMEP/EEA прирачникот од 2019.

Пресметката на емисите од употреба на вештачки ѓубрива се базира на процентуалниот удел на обработливата земјоделска површина во општина Струга во вкупната обработлива површина во Република Северна Македонија. Овој процентуален удел е искористен за пресметка на емисиите на NH_3 за општина Струга, имајќи го во предвид податокот за вкупната емисија на NH_3 од употреба на вештачки ѓубрива во Република Северна Македонија.

При пресметката на емисиите на NH3 и NOx од одгледување на домашни животни користени се емисиони фактори за цврста храна за одгледување на крави, говеда и живина, додека за одгледување на свињи користени се емисиони фактори за течна (кашеста) храна.

Емисиите на загадувачки супстанции од секторот земјоделие во Општина Струга се прикажани на следните табели.


Табела 53: Емисии на загадувачки супстанции од секторот земјоделие

активност	**Загадувачка материја**					
	NOx	**NMVOC**	**TSP**	**PM_{10}**	**$PM_{2,5}$**	**NH_3**
	[тони/годишно]					
Одгледување на домашни животни	1,86	38,62	15,92	4,22	1,29	69,76
Употреба на вештачки ѓубрива	17,92	/	/	/	/	22,40
ВКУПНО:	**19,78**	**38,62**	**15,92**	**4,22**	**1,29**	**92,16**

6.2. АНАЛИЗА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УДЕЛОТ НА РАЗЛИЧНИТЕ ИЗВОРИ НА ЗАГАДУВАЊЕ ВО КОНЦЕНТРАЦИИТЕ НА СУСПЕНДИРАНИ ЧЕСТИЧКИ ВО ОПШТИНА СТРУГА

Со цел да се добијат детални информации за изворите на загадување и количеството кое придонесува за нивоата на загадување на амбиенталниот воздух во општина Струга, како суштинска алатка во дизајнирањето на политиките за квалитет на воздухот (како што се бара експлицитно или имплицитно за спроведување на Директивите за квалитет воздухот 2008/50/ЕЗ и Директива 2004/107/ЕЗ), во периодот 2023-2024 година се подготви Студијата за пропорционирање на изворите на загадување на амбиенталниот воздух во општина Струга. Подготовката на оваа Студија претставува добра практика за успешна соработка меѓу креаторите на политики на локално (општина Струга) и национално ниво (Министерство за животна средина и просторно планирање) и научната заедница (Универзитет Гоце Делчев). Оваа активност се спроведе во рамки на проектот „Справување со загадувањето на воздухот'', којшто го имплементира УНДП, со финансиска поддршка на Шведска.

Во периодот 04.03.2023 - 26.03.2024 година беа земени вкупно 194 примероци од мерната станица која се наоѓа во непосредна близина на гимназијата „Нико Нестор“. Во Струга претходно не постоеше мерна станица, при што постоечката мерна станица е направена и поставена од Лабораторијата „АМБИКОН“. Близината до најблискиот пат е околу 5 m. Првите станбени згради и самото училиште се наоѓаат на 20 m од станицата. Растојанието до центарот на градот е околу 900 m.



Слика 1. Мапа на општина Струга и локација на поставената мерна опрема(лево) и приказ на мерната опрема(десно)

Сите примероци се земени од стручниот персонал на Лабораторијата „АМБИКОН“ во периодот од март 2023 до април 2024 година.

За земањето на примероците користени се сертифицирани автоматски системи (PNS 18-6.2, Comde Derenda, Germany). Со гравиметриски процес на мерење се одредува масената концентрација на ПМ2.5. Со рендген флуоресцентен спектрометар, NEX CG од Rigaku се одредува хемискиот состав на примероците, вклучувајќи 29 елементи. Присуството на елементарен јагелерод се анализира со оптички трансмисиометар (OT 21, Magee Scientific,

USA). Анализата на водено растворливите јони (сулфати, нитрати и амониум) се врши со стандардни тестови и високо сензитивен спектрофотометар (Spectroquant Prove 600, Merck, Germany).

Сите постапки на мерења и анализи, минуваат низ ригорозна контрола на квалитет и споредба на резултатите со екстерни стандарди и споредби.

Крајно добиените податоци се подлога за моделирање, а добиените резултати од сите анализи подлежат на сложени пресметки.

Финален производ е модел кој ги дефинира изворите на загадувањето на воздухот и ја дава нивната процентуална застапеност т.н. пропорционирање на изворите на загадување.

Анализирани се дневните варијации во масовните концентрации и хемискиот состав на PM во однос на различни хемиски видови вклучувајќи јаглеродна фракција (елементарен јаглерод), елементи на кората (Al, Si, Ca, Ti и Fe), јони растворливи во вода (NH4+, SO42-, NO3 -) и поголема група други елементи (Na, Mg, P, S, Cl, K, V, Cr, Mn, Co, Ni, Cu, Zn, As, Se, Br, Rb, Sr, Zr, Mo, Cd , Ba, Pb).

Анализата на податоците од Студијата за пропорционирање на загадување на амбиенталниот воздух беше направена врз основа на неколку профили.

Профил за согорување на биомаса: Согорувањето на биомаса ги вклучува емисиите од различни видови печки и котли за горење на дрва што се користат претежно за греење на домаќинствата, но овде влегува и согорувањето на биомаса во фурни, ресторани, како и мали индустриски објекти што се греат на дрва или произведуваат топлинска енергија за својот технолошки процес.

Профил за емисии од сообраќај: Сообраќајот вклучува честички од неколку различни извори, вклучително и издувните гасови од возилата, механички абразии на сопирачките и гумите, патната (повторна суспендирана) прашина и солењето на патиштата, како и согорувањето на нафта во стари дизел мотори (трактори, товарни возила, стари патнички возила) или мотори кои немаат соодветна заштита.

Профил за емисии од согорување на нафта и мазут: Согорувањето на нафтата и мазутот вклучува емисии од широк опсег на извори, од кои повеќето се системи за греење на поголеми згради (училишта, болници и други јавни институции), емисии од индустриско согорување и до одреден степен постари возила со дизел погон, главно составени од органски јаглерод (EC), V и Ni.

Профил за емисии од минерална прашина: Минералната прашина обично потекнува од градежни активности/уривање, ре-суспендирање на прашината од улиците и процеси на ерозија на ветер. Овој извор најчесто се идентификува со таканаречените „земјени“ елементи како Mg, Al, Si, Ca, Fe и Ti. Исто така, дефиниран е значителен придонес на минералната прашина во масата на $PM_{2,5}$, што сугерира дека минералната прашина е важен придонесувач во вкупната маса на $PM_{2,5}$ особено во лето. Силициумот и калциумот се исто така распространети видови во хемискиот профил на изворите поврзани со градежни активности.

Профил за емисии од оган на отворено и согорување на отпад: Сите видови на ниско ефикасно согорување на земјоделски и градинарски отпад (како и други видови отпад), се класифицирани како горење на оган на отворено. Овде спаѓаат и емисиите од пожари, горење на отпад од депонии и согорување на неквалитетно гориво во печки за греење со разни отпадни материјали во домашни и мали индустриски ложишта.

Профил за емисии од секундарни аеросоли: Наместо да се испуштаат директно во атмосферата од еден извор, секундарните аеросоли се честички кои се генерираат во атмосферата како резултат на комплицирани хемиски и физички трансформации на различни гасови наречени претходници или прекурзори. Секундарните аеросоли главно се препознаваат по нивната висока содржина на сулфур (S) и водено растворливи јони (SO_4 и NH_4). Секундарните аеросоли придонесуваат најмногу за време на најстудените и најтоплите месеци, односно во зима, кога има високи нивоа на гасовити прекурзори, како и во лето, како резултат на екстремно високите температури на воздухот, односно

интензивните фото-хемиски процеси.


Користејќи ги податоците од мерењата и моделирањето, беше пресметано учеството на секој извор во вкупната маса на честичките ($PM_{2,5}$). **Главните извори идентификувани во општина Струга беа: сообраќај, согорување на нафта и мазут, согорување на биомаса, секундарни аеросоли, минерална прашина и оган на отворено и горење на отпад.**

Податоците собрани во Студијата покажуваат дека дневните просечни концентрации на $PM_{2,5}$ измерени на оваа мониторинг локација во текот 2023 и 2024 година, ги надминуваат целните вредности на Европската Унија за заштита на здравјето на луѓето. Интересно е дека покажуваат значителна сезонска варијабилност.


Измерената просечна годишна концентрација на суспендирани честички $PM_{2.5}$ е 30 μg/m^3 што е 20% надминување на граничната вредност. Нема значајни разлики помеѓу просечните концентрации, во текот на топлите и ладните месеци. Просечната концентрација за месеците од грејната сезона изнесува 29,7 μg/m^3 и за нијанса (4%) пониска од просекот во топлите месеци.

Минималната измерена дневна концентрација на суспендирани честички $PM_{2.5}$ изнесува 3,8 μg/m^3, додека максималната околу 118 μg/m^3. Во пролетните и летните месеци просечната вредност изнесува 30,8 μg/m^3 и ја надминува годишната гранична вредност за околу 23 %.

Податоците собрани во Студијата за пропорционирање на изворите на загадување на амбиенталниот воздух во општина Струга покажуваат дека **сообраќајот** е главен извор на загадување со постојан придонес во текот на годината и значајно зголемување во летниот период кога овој извор придонесува околу 15 μg/m3.(**Error! Reference source not found.**). Овој извор целата година придонесува кон $PM_{2,5}$ и се движи во границите меѓу 2,9 и 15,7 μg/m^3. Релативното месечно учество го издвојува овој извор на емисии како најголем, со учество кое се движи и до 55,7% од вкупното учество (Графикон 3). Сообраќајот има најголемо годишно релативно учество, достигнувајќи 40% (**Error! Reference source not found.**).



Графикон 2. Масено учество на изворот на загадување по месеци




Графикон 3. Релативен месечен придонес на секој од изворите на емисии во вкупната маса на честичките

Согорувањето на нафта и мазут е вториот најважен извор со конзистентно учество во текот на годината, кој се движи помеѓу 1,4 и 7,9 μg/m^3 (Графикон 2). Согорување на мазут и нафта е забележливо во текот на целата година, но доминира во пролетниот периодот. Годишното релативно учество на согорувањето на нафта и мазут изнесува 18% од вкупната маса на честички ($PM_{2,5}$) (**Error! Reference source not found.**), со месечно релативно учество кое се движи од 5,2 до 40,0% (Графикон 3).

Согорувањето на биомаса учествува од 0,1 до 15,4 μg/m^3 (Графикон 2) во вкупната маса на честички, и е присутен во текот на целата година. Годишното релативно учество на согорувањето на нафта и мазут изнесува 15% (Графикон 4) од вкупната маса на честички ($PM_{2,5}$), со месечно релативно учество кое се движи од 0,6 до 47,1% (Графикон 3). Во текот на зимските месеци (ноември - април) согорувањето на биомаса е значаен извор, со просечен месечен придонес кој доаѓа и до 15 μg/m3. Во декември и февруари овој извор придонесува дури и 50% од годишните гранични вредности.

Минералната прашина има поголемо учество во вкупната маса на честички ($PM_{2,5}$) во текот на летните месеци. Релативното месечно учество на овој извор варира од 0,6 до 5,5 μg/m^3 (Графикон 2), а годишното релативно учество достигнува 9% (Графикон 4). Месечното релативно учество на изворот минерална прашина се движи од 2,4 до 18,6% (Графикон 3).



Графикон 4. Релативен годишен придонес на изворите на честичките $PM_{2,5}$

Горењето на отпад и оган на отворено се забележува скоро во текот на целата година, со најголем придонес во пролетните и раните летни месеци (април, мај, јуни и јули) и во доцна есен и зима, со релативно месечно учество кое достигнува и до 19,7% (Графикон 3). Релативното годишно учество на овој извор е 9% (Графикон 4). Релативното месечно учество на овој извор достигнува до 5,5 $\mu g/m^3$ (Графикон 2).

Секундарните аеросоли покажуваат најголемо учество за време на најстудените и најтоплите месеци, веројатно поврзани со високите нивоа на гасовити претходници во текот на зимските месеци и фото-хемиските реакции поради високите температури во текот на летните месеци. Релативното годишно учество е 9% од вкупната маса на честички ($PM_{2,5}$) (Графикон 4), со месечно релативно учество кое се движи од 0,3 до 20,4% (Графикон 3).

7. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ЗА КРИТИЧНИТЕ ЗАГАДУВАЧКИ СУПСТАНЦИИ ВО АМБИЕНТНИОТ ВОЗДУХ ПО КЛУЧНИ СЕКТОРИ

7.1 КРИТИЧНИ ЗАГАДУВАЧИ СПОРЕД ИНВЕНТАРОТ НА ЕМИСИИ ОД ЗАГАДУВАЧКИ СУПСТАНЦИИ

%

Во табела 54 се прикажани сумарни резултати за емисиите на загадувачки супстанциивo воздухот во општина Струга од клучните извори на емисија.

Табела 54: Сумарни резултати за емисиите на загадувачки супстанции во воздухот воопштина Струга од клучните извори на емисија

Извори на емисија	Загадувачка супстанција [т/год.]							
	NOx	**CO**	**NMVOC**	**SOx**	**NH_3**	**TSP**	**PM_{10}**	**$PM_{2.5}$**
Производни индустрии	220,87	19,26	121,07	3,37	/	102,22	39,22	15,56
Административни капацитети	0,24	0,48	0,24	0,06	0,03	0,14	0,13	0,13
Резиденцијални извори (домаќинства)	11,9	908,12	136,07	3,24	15,85	181,33	172,26	167,73
Сообраќај	307,31	156,23	27,47	2,19	2,44	22,30	18,05	14,36
Отпад	0,82	14,38	57,01	0,03	/	1,22	1,17	1,08
Земјоделие	19,78		38,62	/	92,16	15,92	4,22	1,29
ВКУПНО:	**560,92**	**1.098,47**	**380,48**	**8,89**	**110,48**	**323,15**	**235,05**	**200,15**

Процентуалното учество на секторите во емисиите на загадувачки супстанции во воздухот во општина Струга е прикажан на следниот график.




График 12: Процентуално учество на клучните сектори на емисија во емисиите на загадувачки супстанции во воздух во општина Струга

Учеството на секторите во вкупната емисија на NOx е прикажано на следниот график.




График 13: Учество на секторите во вкупната емисија на NOx во Општина Струга

Секторот сообраќај учествува со 54,79% во вкупните годишни емисии на NOx, додекапроизводните деловни субјекти учествуваат со 39,38%.

На следниот график се презентирани податоците за учество на секторите во вкупнатаемисија на CO во Општина Струга.



График 14: Учество на секторите во вкупната емисија на CO во Општина Струга

Најголем удел во вкупните емисии на CO во Општина Струга имаат домаќинствата-82,67% и сообраќајот-14,22%.

На следниот график е прикажан уделот на секторите во вкупните емисии на NMVOCна годишно ниво.




График 15: Учество на секторите во вкупната емисија на NMVOC во Општина Струга

Најголем удел во емисиите на NMVOC има секторот резиденцијални извори - 35,76%, производните индустрии учествуваат со 31,82%, а секторот земјоделие со 10,15%.

Учеството на секторите во вкупните емисии на SOx се прикажани на следниот график.




График 16: Учество на секторите во вкупната емисија на SOx во Општина Струга

Според прикажаното на графикот, најголем удел (37,90%) во емисиите на SOx има секторот производни деловни субјекти, резиденцијалните извори учествуваат со 36,43% и сообраќајот учествува со 24,66%.

На график 17 прикажан е процентуалниот удел на секторите на емисија во вкупните емисии на NH_3 во општина Струга.




График 17: Учество на секторите во вкупната емисија на NH3 во Општина Струга

Од графикот евидентно е дека најголем дел од емисиите на NH3 потекнуваат од секторот земјоделие (83,42%), додека уделот на секторот резиденцијални извори изнесува 14,35%.

Учеството на секторите во емисиите на PM2,5 во општина Струга се прикажани на следниот график.




График 18: Учество на секторите во вкупната емисија на PM2,5 во Општина Струга

Во емисиите на PM2,5 најголем удел има секторот резиденцијални извори 83,80%, а секторот производни индустрии учествува со 7,77%.

Согласно EMEP/EEA упатството од 2019 година емисиите на PM честичките од секторот сообраќај воглавно се во опсегот на PM2,5 честичките поради што во овој документ истите се прикажани како емисии на PM2,5.

Емисиите на PM10 по сектори на емисија се прикажани на график 19.




График 19: Учество на секторите во вкупната емисија на PM10 во Општина Струга

Емисиите на PM_{10} најмногу потекнуваат од секторот резиденцијални извори 73,29%, а секторот производни индустрии учествува со 16,69%.

Придонесот на различните сектори на емисија во вкупната емисија на суспендирани честички TSP во Општина Струга се прикажани на график 20.




График 20: Учество на секторите во вкупната емисија на TSP во Општина Струга

Во вкупните годишни емисии на суспендирани честички во Општина Струга најголем придонес има секторот резиденцијални извори со 56,12%, а секторот производни индстрии учествува со 31,63%.
Од прикажаното може да се заклучи дека во Општина Струга критични сектори на емисија се секторите производни индустрии, резиденцијалните извори, сообраќајот и земјоделието и тоа:

- Секторот производни индустрии има најголем удел во емисиите на SO_2, додека во емисиите на NOx, NMVOC и TSP и има значителен удел;
- Секторот резиденцијални извори (домаќинства) има најголем удел во емисиите на CO, NMVOC, TSP, PM_{10} и $PM_{2,5}$ и значителен удел во емисиите на SO_2;
- Најголем удел во емисиите на NOx има секторот сообраќај,
- Емисиите на NH_3 најмногу потекнуваат од секторот земјоделие.

7,2 КРИТИЧНИ ЗАГАДУВАЧИ СПОРЕД АНАЛИЗАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УДЕЛОТ НА РАЗЛИЧНИТЕ ИЗВОРИ НА ЗАГАДУВАЊЕ ВО КОНЦЕНТРАЦИИТЕ НА СУСПЕНДИРАНИ ЧЕСТИЧКИ

Анализата за определување на уделот на различните извори на загадување во концентрациите на суспендирани честички во општина Струга прикажува дека сообраќајот има најголем релативен годишен придонес во $PM_{2,5}$ честиците со 40%. Втор удел по големина има согорувањето на нафта и мазут со 18%, додека согорувањето на биомасата има удел од 15% во релативниот годишен придонес.

ИЗВОРИ НА ЗАГАДУВАЊЕ НА ВОЗДУХОТ ВО ОПШТИНА СТРУГА

СООБРАЌАЈ е на **1 место**,

СОГОРУВАЊЕ НА НАФТА И МАЗУТ е на **2 место,**

а **СОГОРУВАЊЕТО НА БИОМАСАТА** на **3 место**.

Студија за пропорционирање на изворите на загадување на амбиенталниот воздух во општина Струга, АМБИКОН - Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, 2024

8. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ

Согласно Законот за животна средина, мерките и активностите за заштита на животната средина се јавен интерес за граѓаните на Република Северна Македонија. Системот за планирање на мерки и активности за долгорочно планирање на заштитата и унапредувањето на животната средина треба да е во согласност сосевкупниот национален економски, општествен и културен развој и со истиот треба дасе постигнат целите за заштита на животната средина и да се обезбеди одржлив развој.
Притоа, највисок приоритет се доделува на мерките за подобрување на квалитетот на воздухот поради фактот дека обезбедувањето на оптимален квалитет на воздухот е клучен предизвик во услови кога е евидентно загадувањето на воздухот и измерените концентрации на загадувачки супстанции ги надминуваат дозволените гранични вредности. Приоритетен предизвик за големите урбани средини е намалувањето на загадувањето на амбиентниот воздух кое е особено изразено во зимскиот период преку зголемени концентрации на PM10 кои ја надминуваат дозволената гранична вредност.

Согласно законот за квалитетот на амбиентниот воздух, Општите цели за заштита и подобрување на квалитетот на воздухот се:

- Доследна примена на законската регулатива за намалување на емисиите во воздух и подобрување на квалитетот на воздухот;
- Достигнување на целите за подобрување на квалитетот на воздухот предвидени во националните стратешки плански документи;
- Подобрување на квалитетот на воздухот, намалување на здравствените ризици кои произлегуваат од загадувањето на воздухот и заштита на биодиверзитетот;
- Намалување на емисиите на загадувачки материи во воздухот согласно националната регулатива и прифатените меѓународни конвенции;
- Промоција на енергетската ефикасност и употреба на еколошки чисти горива во индустријата, домаќинствата, јавните институции и транспорт;
- Зголемување на уделот на обновливите извори на енергија во производството на енергија и;
- Редовен мониторинг на квалитетот на воздухот, прибирање на податоци, валидација на податоците и нивна анализа, известување, алармирање и преземање на превентивни мерки за заштита на квалитетот на воздухот.

Мерките за намалување на загадувањето на воздухот и нивната реализација претставуваат крајна цел на правната рамка за квалитетот на воздухот. Тие претставуваат главниот предмет на уредување на Законот за квалитет на амбиенталниот воздух (Службен весник на РМ бр. 67/2004, 92/2007, 83/2009, 35/10, 47/11, 100/12, 163/13, 10/15, 146/15), како и на правилниците кои произлегуваат од овој закон:

- Правилник за детална содржина и начинот на подготвување на националниот план за заштита на амбиентниот воздух (Службен весник на бр. 108 од 31.08.2009 година);
- Правилник за детална содржина и начинот на подготвување на планот за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух (Службен весник на РМ, бр. 148 од 10.10.2014 година) во член 4, точка 9;
- Правилник за детална содржина и начинот на подготвување на краткорочните акциони планови за заштита на амбиентниот воздух (Службен весник на РМ, бр. 148 од 10.10.2014 година), во член 4;

8.1. Преземени мерки и активности за унапредување на квалитетот на амбиентниот воздух во општина Струга

Општината Струга согласно своите обврски и надлежности кои пред се произлегуваат од Законот за заштита на животната средина и Националниот план за заштита на воздухот, презема мерки кои се насочени кон подобрување на квалитетот на воздухот во општината, имајќи во предвид дека особено во студените месеци квалитетот на воздухот е значително нарушен.

Во изминатите години согласно расположливите податоци, општина Струга во 2021 година има спроведено:

- јавен повик за субвенционирање на граѓаните за купен велосипед со цел намалување на моторниот сообраќај и активности за расчистување на дивите депонии на територијата на општината од страна на ЈП Комунално Струга.
- Од буџетот на Општина Струга за 2022 година беа предвидени 2.300.000 денари за проекти за енергетска ефикасност од кои согласно објавените квартални извештаи за работата на Општина Струга во 2022 нема реализирано проекти за енергетска ефикасност. Според Акцискиот план за реализација на Програмата за развој на југозападниот плански регион за 2023 година, за Општина Струга планирана е реализација на проекти за реконструкција на две основни училишта во општината со цел подобрување на енергетската ефикасност за кои се планирани вкупно 13.324.769 денари. До моментот на изработка на овој плански документ не е достапна информација за степенот на реализација на овие проекти.
- Во 2023 година во тек е изработка на Катастар на загадувачи на општина Струга, проект чиј нарачател е Министерството за животна средина и просторно планирање кој треба да се заврши до крајот на 2023 година. Со Катастарот на загадувачи на општина Струга ќе се обезбедат детални информации за емисионите количества на загадувачките супстанции на територијата на општината, особено од секторот индустрија.

Дополнително, општината ги има реализирано следните активности:

- Редовни годишни контроли на сите инсталации со Б дозволи;
- Се спроведуваат мерења со новата мерна станица од април 2023 и резултатите се објавуваат на веб страната на општината и www.cistvozduh.mk.Мерната станица е набавена во рамки на проектот *Справување со загадувањето на воздухот*, којшто го спроведува УНДП со финансиска поддршка на Шведска. Исто така во соработка со НВО Крсте Јон од Струга се поставија индикативни мерни уреди коишто вршат мерења на дваестина точки во општината, а податоците се објавуваат на ЛЦД панел во центарот на Струга;
- Преку проекти доделени се сончеви панели на издавачи на сместување за туристи - преку проект од ИПА ЦБЦ;
- Во соработка со НВО се подготвува Програма за енергетска ефикасност и промоција на енергетската ефикасност;
- Реконструирани школите ОУ „Брака Миладиновци“ во Враништа, Заграчани, Мороишта и други. Се поставуваат фотоволтаични панели во ОУ „Браќа Миладиновци“, ССЦ „Нико Нестор“, Детска градинка „Сонце“, ОУ во Корошишта, Делогожда и Мислешево како дел од активности кон мерката за зголемување на енергетската ефикасност на резиденцијалните и комерцијалните објекти и јавните згради;
- Извршена е замена на старите котли во ОУ „Браќа Миладиновци“ и набавка на нови на екстра лесно како дел од мерката за замена на старите системи за греење;
- Се вршат едукативни кампањи за загаденост на воздухот;
- Извршена измена на дел од сообраќај во централниот градски дел (делот од Пазарот и пред црквата е трансформиран во шеталиште) во однос на мерката за оптимално управување со сообраќајот;
- Започнат е проект за Урбана мобилност во соработка со Министерство за транспорт и врски и Светска банка како дел од еколошката сообраќајната мобилност;
- Редовно се собира отпадот, поставени апарати за ПЕТ амбалажа во маркети „Миса“;

- Почитување на забраната за палење на оган на отворено вклучително и палење на земјоделски отпад е процес во соработка со Министерство за земјоделие бидејќи нивните инспектори се надлежни за оваа ингеренција;
- Како дел од спроведувањето на едукативните кампањи, во сите проекти се вклучени младите и учениците (мерењата кои ги вршеше НВО која соработуваше на проектот за подобрување на амбиентален воздух во најголема мерка беа од средношколската младина);
- ЈП „Комунално“ во летната сезона врши миење на улиците додека кај градежните работи кои се опфатени со уредбата за изготвување на елаборат за животна средина се прати почитувањето на ставката за полевање на трасите и градилиштата со вода заради намалување на прашината (според динамиката од елаборатот) а истото се работи и по пријави од граѓани.

8.2 Мерки за подобрување на квалитетот на воздухот во општина Струга

Планирањето на мерките за подобрување на квалитетот на воздухот подразбира и специфично дизајнирање на насочени мерки насочени кон намалување на емисиите.
Со цел обезбедување на ефикасно и ефективно дефинирање и спроведување на мерките за заштита на квалитетот на воздухот истите се поделени во седум структурни категории:

1. Мерки за намалување на емисиите од стационарните извори;
2. Мерки за намалување на емисиите од сообраќајот;
3. Мерки за енергетска ефикасност, заштеда на енергија и обновливи извори на енергија;
4. Мерки за намалување на емисиите од отпадот;
5. Мерки за намалување на емисиите од земјоделството;
6. Мерки за контрола, организација и администрација и
7. Мерки за информирање и алармирање во случај на надминување на граничните вредности.

Инвентарот на емисии од загадувачки супстанции, како и анализата за определување на уделот на различните извори на загадување во концентрациите на суспендирани честички во општина Струга ги дефинира сообраќајот согорувањето на течни горива и согорувањето на биомасата, како најголеми извори на загадувањето на воздух, и притоа покажува кои извори се периодични, а кои се постојани во текот на целата година. Планот нуди вкупно 17 мерки кои се распределени по годишно време, сметајќи дека загадувањето треба да се спречи кај неговиот извор.

Во продолжение се дадени сите 17 мерки кои се предвидени за примена во општина Струга.

МЕРКА бр.1 Замена на печки на огревно дрво со топлински пумпи
МЕРКА бр.2 Зголемување на бројот на корисници на велосипеди во општината
МЕРКА бр.3 Собирање на растителен отпад од обработливото земјиште
МЕРКА бр.4 Зазеленување со урбани шуми
МЕРКА бр.5 Субвенционирање на топлинска изолација на домаќинства
МЕРКА бр.6 Набавка на механизација за чистење на улици
МЕРКА бр.7 Поставување на полначи за електрични возила
МЕРКА бр.8 Изградба на паркинзи на влез во градот
МЕРКА бр.9 Изградба на велосипедски патеки
МЕРКА бр.10 Зголемен градежен инспекциски надзор
МЕРКА бр.11 Поставување на фотоволтаични панели за училишта и градинки
МЕРКА бр.12 Затворање на централно градско подрачје за сообраќај
МЕРКА бр.13 Воведување на зони со ниска емисија
МЕРКА бр.14 Редовно чистење на улиците
МЕРКА бр.15 Поставување на топлинска изолација за училишта и градинки
МЕРКА бр.16 Замена на печки на фосилни горива во административни објекти
МЕРКА бр.17 Спроведување на едукативни кампањи


Понатаму, секоја мерка е опишана со следните параметри, со кои ќе се овозможи следење на степенот на имплементација на мерките во усвоените програми и планови, согласно со своите надлежности:

- Име на мерката;
- Опис на постоечка ситуација;
- Опис на предвидена мерка (со вклучена родова и социјална димензија - доколку е апликативна);
- Тип (техничка, регулаторна и др.);
- Сектор (енергетика, транспорт и др.);
- Потребни финансии (во денари);
- Цел (по можност да се даде квантитативен параметар);
- Емисии кои ќе ги намали;
- Одговорна институција за спроведување;
- Одговорна институција за следење на спроведувањето на мерката;
- Планирани чекори за остварување на мерката;
- Индикатор(и) за следење на спроведувањето - намалување на емисии на гасови и честици;
- Временска рамка за спроведување;

Согласно студијата, за решавање на проблемот со загадувањето на воздухот, за секое годишно време се предвидени соодветни мерки кои ќе влијаат на соодветните извори на загадување.

ПРОЛЕТ

Согласно испитувањето на PM2,5, најголем удел во загадувањето на воздухот во општина Струга во период на годишното време - ПРОЛЕТ имаат сообраќајот, согорувањето на горивата, согорувањето на биомаса.




Соодветно на овие податоци, предлагаме преземање на следните мерки подредени согласно степенот на приоритет:

- МЕРКА бр.2 **Зголемување на бројот на корисници на велосипеди во општината**
- МЕРКА бр.9 **Изградба на велосипедски патеки**
- МЕРКА бр.13 **Воведување на зони со ниска емисија**
- МЕРКА бр.12 **Затворање на централно градско подрачје за сообраќај**
- МЕРКА бр.1 **Замена на печки на огревно дрво со топлински пумпи**
- МЕРКА бр.5 **Субвенционирање на топлинска изолација на домаќинства**
- МЕРКА бр.15 **Поставување на топлинска изолација за училишта и градинки**
- МЕРКА бр.10 **Зголемен градежен инспекциски надзор**
- МЕРКА бр.6 **Набавка на механизација за чистење на улици**
- МЕРКА бр.14 **Редовно чистење на улиците**
- МЕРКА бр.4 **Зазеленување со урбани шуми**

- МЕРКА бр.3 **Собирање на растителен отпад од обработливото земјиште**
- МЕРКА бр.17 **Спроведување на едукативни кампањи**
- МЕРКА бр.7 Поставување на полначи за електрични возила

ЛЕТО

Според истото истражување, најголем удел во загадувањето на воздухот во општина Струга во период на годишното време - ЛЕТО имаат сообраќајот, согорувањето на горивата, и секундарните аеросоли и минералната прашина.



Соодветно на овие податоци, предлагаме преземање на следните мерки подредени согласно степенот на приоритет:

- МЕРКА бр.9 **Изградба на велосипедски патеки**
- МЕРКА бр.2 **Зголемување на бројот на корисници на велосипеди во општината**
- МЕРКА бр.5 **Субвенционирање на топлинска изолација на домаќинства**
- МЕРКА бр.16 **Замена на печки на фосилни горива во административни објекти**
- МЕРКА бр.10 **Зголемен градежен инспекциски надзор**
- МЕРКА бр.6 **Набавка на механизација за чистење на улици**
- МЕРКА бр.14 **Редовно чистење на улиците**
- МЕРКА бр.15 **Поставување на топлинска изолација за училишта и градинки**
- МЕРКА бр.7 Поставување на полначи за електрични возила
- МЕРКА бр.17 **Спроведување на едукативни кампањи**

ЕСЕН

Најголем удел во загадувањето на воздухот во општина Струга во период на годишното време - ЕСЕН има сообраќајот, додека согорувањето на горивата, согорување на биомасата, секундарните аеросоли и минералната прашина се на исти нивоа.




Соодветно на овие податоци, предлагаме преземање на следните мерки подредени согласно степенот на приоритет:

- МЕРКА бр.13 **Воведување на зони со ниска емисија**
- МЕРКА бр.12 **Затворање на централно градско подрачје за сообраќај**
- МЕРКА бр.9 **Изградба на велосипедски патеки**
- МЕРКА бр.2 **Зголемување на бројот на корисници на велосипеди во општината**
- МЕРКА бр.6 **Набавка на механизација за чистење на улици**
- МЕРКА бр.15 **Редовно миење на улиците**
- МЕРКА бр.1 **Замена на печки на огревно дрво со топлински пумпи**
- МЕРКА бр.3 **Собирање на растителен отпад од обработливото земјиште**
- МЕРКА бр.4 **Зазеленување со урбани шуми**
- МЕРКА бр.7 Поставување на полначи за електрични возила
- МЕРКА бр.17 **Спроведување на едукативни кампањи**

ЗИМА

Најголем удел во загадувањето на воздухот во општина Струга во период на годишното време - ЗИМА имаат согорувањето на биомасата, сообраќајот и горење огин на отворено.



Соодветно на овие податоци, предлагаме преземање на следните мерки подредени согласно степенот на приоритет:

- МЕРКА бр.1 **Замена на печки на огревно дрво со топлински пумпи**
- МЕРКА бр.9 **Изградба на велосипедски патеки**
- МЕРКА бр.12 **Затворање на централно градско подрачје за сообраќај**

- МЕРКА бр.13 **Воведување на зони со ниска емисија**
- МЕРКА бр.6 **Набавка на механизација за чистење на улици**
- МЕРКА бр.10 **Зголемен градежен инспекциски надзор**
- МЕРКА бр.17 **Спроведување на едукативни кампањи**

МЕРКИ КОИ СЕ СПРОВЕДУВААТ ВО ТЕКОТ НА ЦЕЛА ГОДИНА И НЕ ЗАВИСАТ ОД ГОДИШНОТО ВРЕМЕ

За мерките кои се апликативни во однос на одделни периоди во годината, а времетраењето на имплементацијата е подолго, предлагаме истите да можат да се реализираат согласно финансиските можности.

- МЕРКА бр.5 **Субвенционирање на топлинска изолација на домаќинства**
- МЕРКА бр.16 **Замена на печки на фосилни горива во административни објекти**
- МЕРКА бр.11 **Поставување на фотоволтаични панели за училишта и градинки**
- МЕРКА бр.10 **Зголемен градежен инспекциски надзор**
- МЕРКА бр.8 **Изградба на паркинзи на влез во градот**

Во согласност со ова категоризација, подолу се прикажани сите предвидени мерки со своите параметри.

МЕРКА бр.1 Замена на печки на огревно дрво со топлински пумпи

ОПИС



Постоечките печки на огревно дрво кои се користат во Македонија имаат максимален коефициент на полезно дејство од 0,75. Покрај релативно нискиот коефициент на полезно дејство, овие печки создаваат висока концентрација на PM2,5 и PM10 честички. За секој согорен 1м3 огревно дрво се добиваат PM2,5 честици со количина 0,00499 [t/m3] и PM10 честици со количина 0,00512 [t/m3]. Согласно последниот попис од 2021 година, во општината регистрирани се 8930 домаќинства кои за греење користат огревно дрво. Од нив, 5750 домаќинства се греат со една печка, односно не поседуваат централно греење во домот. Во општина Струга 50% од испитаниците како примарен енергенс за загревање на домот го користат огревното дрво. Две третини од жителите на Струга (64%) сметаат дека енергенсот кој го употребуваат за загревање на нивниот дом, не го загадува воздухот во околината во која живеат. Речиси две третини од испитаниците (64%) истакнале дека не се заинтересирани да го сменат актуелниот начин на загревање на нивниот дом, каде мажите се позаинтересирани за промена на начинот на загревање. 45% од интервјуираните граѓани изјавиле дека нема веројатност да се одлучат за инвестиција во следните 12 месеци, каде најприсутни се оние во возрасна група 55+. 57% од интервјуираните жители на Струга не се информирани за постоењето на субвенционирана програма за енергетска ефикасност како помош за домаќинствата од страна на општината. (УНДП, 2023).
Мерката има двојна функција: намалување на внатрешно и надворешно загадување. Сиромашната популација на ниво на индивидуа и домаќинство се јавува и како најголем емитер а воедно и како најзагрозена категорија граѓани од внатрешно и надворешно загадување. Енергетската сиромаштија директно се таргетира преку оваа мерка како додадена вредност на истата.

ПРЕДВИДЕНА МЕРКА



Предвидена е замена на постоечките единечни печки за греење на огревно дрво со топлинска пумпа или т.н. клима инвертер. Топлинската пумпа се напојува со електрична енергија, а за греење користи ефикасен систем на компримирање и декомпримирање на фреонски гас R410. Коефициентот на полезно дејство на поновите клима инвертери е висок и изнесува над 3,5 што значи дека за секој потрошен kWh електрична енергија се добиваат меѓу 3 и 3,5 kWh топлинска енергија. Мерката ќе биде наменета за ранливите потрошувачи на енергија (пример: домаќинства со ниски месечни примања). Општината треба да изработи критериуми за домаќинства кои ќе се дефинираат како ранливи потрошувачи на енергија. Висините на субвенциите треба да бидат усогласени согласно висината на примањата на домаќинството.

ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА МЕРКАТА

Тип:	Субвенција
Сектор:	Енергија
Цел:	5750 домаќинства кои се греат на печки на дрва
Финансиски средства:	25.000 ден/домаќинство 143.750.000 ден. за 5750 домаќинства
Емисии кои ќе се намалат:	PM2,5, PM10, CO, TSP
Одговорна институција за реализација:	Општина Струга
Одговорна институција за следење:	Одделението за заштита на животната средина
Индикатори:	- број на домаќинства кои добиле субвенција; - % на жени добитници на субвенција - % на лица над 55 години добитници на субвенции - % на социјално ранливи категории добитници на субвенција

ПЛАНИРАНИ ЧЕКОРИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА МЕРКАТА:	
Чекор 1	Врз основа на релевантни документи се доставува **барање** од сектор ЛЕР до Совет на општина за донесување на **одлука/решение** на општината за висина на средствата за субвенција за оваа мерка да се внесе во Буџетот за идната година (Декември). Одредувањето на висината на субвенцијата треба да биде согласно висината на примања на домаќинството.
Чекор 2	Одлука на Советот на општина за доделување на финансиски средства за субвенција и внесување во Буџет за идната година. Воведување посебни параметри за дефинирање категории ранливи домаќинства дефинирани од општината. (висина на примања на домаќинство)
Чекор 3	Оформување на комисија од членови од секторите во општината. Дефинирање на параметри за избор на домаќинство (приходи, социјален статус, број на членови во домаќинство итн.). Зголемување на видливоста на Конкурсот и обезбедена поддршка за ранливи категории граѓани за упатување за прибирање соодветна документација за апликација. Информативна кампања (социјални и други традиционални медиуми) за објавата и условите на Конкурсот. Информативни кампањи за штетноста на користење на огревно дрво за загревање и готвење.
Чекор 4	Објавување на конкурс за инвертери и оформување на општинска комисија за избор.
Чекор 5	Анализа и избор на пријавени домаќинства согласно бараните параметри. Собирање полово поделени податоци за апликанти и добитници на субвенции.
Чекор 6	Собирање на податоци за определување на индикатори: Анкета пред добивање на субвенција.

Во прилог е дадена предлог временската рамка за времетраењето на планираните чекори, за општината да може да ја спроведе оваа мерка. Општината има можности да одреди кога, колку долго и колку пати ќе ја спроведува оваа мерка согласно финансиските можности.

ПРЕДЛОГ ВРЕМЕНСКА РАМКА ЗА ПРИМЕНА НА МЕРКАТА											
ЈАН	**ФЕВ**	**МАР**	**АПР**	**МАЈ**	**ЈУН**	**ЈУЛ**	**АВГ**	**СЕП**	**ОКТ**	**НОЕ**	**ДЕК**

Чекор 1	**Чекор 2**	**Чекор 3**	**Чекор 4**				**Чекор 5**	**Чекор 6**			

Предлог **ФОРМУЛАР** за домаќинствата на кои им се доделени средства од општината преку програмата за субвенционирање на замената на печки на огревно дрво со топлински пумпи						
Име и презиме:						
Пол:						
Возраст:						
Социјална ранливост на домаќинство:	Ранлив потрошувач на енергија ☐да ☐не					
Адреса на домаќинство:	ул.			бр.		
Тип на постоечка печка за загревање:	1) на огревно дрво			2) на ЕЛ-1 (нафта)		
Број на печки за загревање:	огревно дрво		печки	ЕЛ-1 (нафта)		печки
Загревање на просторот:	1 соба/просторија		2 соби/простории		3 соби/простории	
Годишна потрошувачка на огревно дрво:			[m³]/годишно			
Топлинска пумпа - уред кој се субвенционира:						
Тип на топлинска пумпа:	сплит - систем		инвертер			
Модел:						
Топлинска моќност на топлинската пумпа:	3 [kW]		5 [kW]		7 [kW]	

ТАБЕЛА СО ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ИНДИКАТОРИ
за мерката **„Субвенционирање на топлински пумпи за домаќинства“**

Домаќинство	**Ранлив потрошувач на енергија**	**Адреса**	**Потрошувачка на огревно дрво [m³/год]**	**Топлинска моќност на топлинската пумпа [kW]**
	да/не			
	да/не			
	да/не			
	да/не			
	да/не			
	да/не			
	да/не			
	да/не			
	да/не			
	да/не			
	да/не			
	да/не			
	да/не			
ВКУПНО огревно дрво [m³/год]				

МЕРКА бр.2 Зголемување на бројот на корисници на велосипеди во општината

ОПИС



Постоечкиот возен парк кој се користи од страна на жителите на општината изнесува 15892 патнички возила. Од овие возила 66,9% користат дизел гориво, 31,3% бензин, додека ТНГ користат 1,9% од возилата. Од овие возила најголемиот број на возила се возила на дизел гориво со ЕУРО2 и ЕУРО3 стандард на моторот. Овие мотори создаваат висока концентрација на PM2,5 честички. За секој изминат километар се произведуваат PM2,5 честици со количина 0,0391 [g/km] за ЕУРО3, како и 0,0314 [g/km] за ЕУРО4 моторите. Според светските искуства, искористеноста на патничкиот автомобилот се движи меѓу 1,3 и 1,7 патници по патување. . Сиромашната категорија граѓани најчесто користи автомобили со мотори кои создаваат висока концентрација на PM2,5 честички. Мерката треба да има и родова и димензија на ранливи категории граѓани поради следни причини:

- Финансиска: неможност за купување велосипед од една страна, а од друга посиромашните категории граѓани користат постари автомобили со повисоки емисии на штетни гасови.
- Бихевиорални: Млади лица: зголемување на навиките кај млади лица за користење еколошки начини на транспорт,
- Родови: Жени (од ранливи категории): жените најчесто ги носат своите деца до образовни и здравствени установи.

ПРЕДВИДЕНА МЕРКА



Светските искуства и истражувања упатуваат дека постојат четири типа на патувања кои се остваруваат од местото на живеење: 1. од/до работното место, 2. од/до локација за шопинг, 3. рекреативно патување, 4. од/до образовна институција. Мерката предвидува зголемување на користењето на велосипедите во општината. Таа предвидува зголемување на корисниците на велосипеди со лица кои користат патничко возило за патување во категоријата 1(од./до работно место), кои имаат релација со должина од 5-8 км и чии работни активности се во категоријата канцелариски работи (со седење).
Воведување родово-одговорно буџетирање во мерката преку одредување категории жени кои се ранливи (пример: самохрани родители, приматели на Гарантиран Месечен Приход (ГМП), жртви на семејно насилство). Жените се тие кои најчесто ги носат децата до воспитни, образовни и здравствени установи поради што родовата димензија во оваа мерка мора да биде запазена.
Општината треба да дефинира категории ранливи граѓани согласно кои категории ќе има различна висина на субвенцијата (пример: млади, невработени, лица со ниски примања, приматели на Гарантиран месечен приход).
Најранливите категории (пример: примателите на ГМП, самохрани мајки итн.). треба да добијат субвенции во износот од 100%.

ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА МЕРКАТА

Тип:	Субвенција
Сектор:	Транспорт
Цел:	3000 велосипеди наместо возила на улиците
Финансиски средства:	10.000 ден/пријава 30.000.000 денари за 3000 велосипеди
Емисии кои ќе се намалат:	CO, NO, NO_2, NOx, SO_2
Одговорна институција за реализација:	Општина Струга
Одговорна институција за следење:	Општина Струга - Одделение за заштита на животната средина
Индикатори:	- број на граѓани на кои им се доделени субвенции; - % на жени добитници на субвенција - % на млади добитници на субвенција - % на социјално ранливи категории добитници на субвенција

ПЛАНИРАНИ ЧЕКОРИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА МЕРКАТА:	
Чекор 1	**Одлука/решение** на општината за висина на средствата за субвенција за оваа мерка да се внесе во Буџетот за идната година (Декември). Дефинирање на износот на субвенција согласно категорија на ранливост. Субвенција во висина од 100% за најранливите категории граѓани.
Чекор 2	Објавување на конкурс за пријавување на граѓани и оформување на општинска комисија за избор. Воведување категорија ранливи граѓани како услов во Конкурсот за субвенции за велосипеди. Одредување на процент од вкупниот буџет за субвенциите кој ќе биде наменет за ранливи категории граѓани. (Опција 1) - Објавување посебен Конкурс за ранливи категории граѓани. Параметрите на категоријата ранливост ги одредува Комисијата. (Опција 2) - Објавување посебен Конкурс за ранливи категории граѓани. Параметрите на категоријата ранливост ги одредува Комисијата. Зголемување на видливоста на Конкурсот и обезбедена поддршка за ранливи категории граѓани за упатување за прибирање и подготовка на бараната документација за апликација. Информативни кампањи за штетноста на користење на возила со мотори кои создаваат висока концентрација на PM2,5 честички, особено помеѓу машката популација (како доминантни корисници на автомобили за сопствени потреби).
Чекор 3	Анализа и избор на пријавени граѓани согласно бараните параметри. Собирање полово поделени податоци за апликанти и добитници на субвенции.
Чекор 4	Собирање на податоци за определување на индикатори: Анкетен прашалник како се користи велосипедот. Кои од 4 категории на патување ќе користат. Да се добијат информации за далечина, начин, фреквенција на движење. Пред и после дали и колку го користат велосипедот и за која потреба.

Во прилог е дадена предлог временската рамка за времетраењето на планираните чекори, за општината да може да ја спроведе оваа мерка. Општината има можности да одреди кога, колку долго и колку пати ќе ја спроведува оваа мерка согласно финансиските можности.

ПРЕДЛОГ ВРЕМЕНСКА РАМКА ЗА ПРИМЕНА НА МЕРКАТА											
ЈАН	**ФЕВ**	**МАР**	**АПР**	**МАЈ**	**ЈУН**	**ЈУЛ**	**АВГ**	**СЕП**	**ОКТ**	**НОЕ**	**ДЕК**
Чекор 1	**Чекор 2**			**Чекор 3**							**Чекор 4**

Предлог **ФОРМУЛАР** за мерката „ **Зголемување на бројот на корисници на велосипеди во општината**“			
Име и презиме:			
Пол:			
Возраст:			
Социјална категорија	□ Млад/а до 29 год	□ Невработен/а	□ Примател/ка на ГМП
Адреса на барателот:	ул.		бр.
Тип на превоз:	1) патничко возило		2) јавен транспорт
Патничко возило:	Марка и модел:		тип на гориво:
Годишно поминати километри:			[km]/годишно
Вид на транспорт:	а) од/до работа	Должина	[km]
	б) од/до училиште	Должина	[km]
	в) од/до продавница	Должина	[km]
	г) рекреативни потреби	Должина	[km]

ТАБЕЛА СО ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ИНДИКАТОРИ за мерката „Зголемување на бројот на корисници на велосипеди во општината“						
Барател на субвенција	пол	возраст	ранливост	Адреса	Поминат пат [km/дневно]	Вид на патување

МЕРКА бр.3 Собирање на растителен отпад од обработливото земјиште

ОПИС



Општината Струга располага со земјоделско обработливо земјиште со големина од 10180 [ha] обработлива површина на кое се произведуваат 254,5 t растителен отпад. Голем дел од генерираниот отпад од ова земјиште најчесто се пали (горење на стрништа) и предизвикува големо аерозагадување. Носители на индивидуални земјоделски стопанства во 90% се мажи во 10% жени (на национално ниво), а жените се подоминантни како членови на домаќинствата ангажирани на индивидуалните земјоделски стопанства со 64.5% (2016 ДЗС Т29). Тоа покажува дека процесот на одлучување е концентриран кај носителите односно мажите, при што информативните стратегии за оваа мерка треба да бидат концентрирани кај истите

ПРЕДВИДЕНА МЕРКА



Планираната мерка предвидува собирање на растителниот отпад и негово депонирање на однапред зададена локација за компостирање. Оваа мерка предвидува и изградба на компостара. Планирано е со возило за оваа намена да се собере растителниот отпад од неколку назначени места за собирање кои ќе бидат договорени со земјоделците. Отпадот од земјиштето може да се собира и на секоја локација со претходна најава на земјоделците. Оваа мерка предвидува поголема инспекција од страна на локалната и државната инспекција.

ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА МЕРКАТА

Тип:	Субвенција
Сектор:	Земјоделство
Цел:	254,5[t] растителен отпад
Финансиски средства:	1.000 [ден/за собирање на еден тон растителен отпад] Вкупно 2.545.000 денари за остварување на целта
Емисии кои ќе се намалат:	PM2,5 и PM10
Одговорна институција за реализација:	ЈП „Комунално“
Одговорна институција за следење:	Општина Струга - Одделение за заштита на животната средина

Индикатори:	- број на земјоделци од кои е преземен растителен отпад;
	- преземен растителен отпад во [t];
	  - % на жени добитници на субвенција
	  - Возрасна категоризација на добитници на субвенции
	  - Категоризација на добитници на субвенции според висина на приход

ПЛАНИРАНИ ЧЕКОРИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА МЕРКАТА:	
Чекор 1	Анализа на бројот и мапирање на земјоделски површини со земјоделски/градинарски отпад во општината. Мапирање поделено по пол и по категорија економски статус (носител на индивидуално земјоделско стопанство и висина на приход од истото). Процентот на застапеност на жените како носители на земјоделски стопанства да биде рефлектиран во мерката, односно дел од таргетираните земјоделски стопанства опфатени со оваа мерка да бидат во сопственост на жени. Земјоделските стопанства со пониски приходи да бидат таргетирани како ранливи (пониски приходи) заради неможноста сами да го решаваат проблемот со отпадот.
Чекор 2	Обезбедување на товарно возило (со опрема за балирање).
Чекор 3	Обезбедување на локација и опрема за компостара.
Чекор 4	Кампања насочена кон земјоделците за предавање на отпадот. Информативна кампања за подигнување на свеста за штетноста од загадениот амбиентен воздух како последица од горењето на отворено (со особен акцент помеѓу носителите на индивидуалните земјоделски стопанства и управители на деловни субјекти во стопанството).
Чекор 5	Преземање на отпадот и носење во компостара
Чекор 6	Индикатори: Анкета и мапирање на сите корисници на мерката и соодветни количини на предаден отпад при што како мотивација ќе им се обезбеди определена количина на органско ѓубриво. Пожелно е да постојат полово поделени податоци на носителите на земјоделски стопанства корисници на мерката.

Во прилог е дадена предлог временската рамка за времетраењето на планираните чекори, за општината да може да ја спроведе оваа мерка. Општината има можности да одреди кога, колку долго и колку пати ќе ја спроведува оваа мерка согласно финансиските можности.

ПРЕДЛОГ ВРЕМЕНСКА РАМКА ЗА ПРИМЕНА НА МЕРКАТА											
ЈАН	**ФЕВ**	**МАР**	**АПР**	**МАЈ**	**ЈУН**	**ЈУЛ**	**АВГ**	**СЕП**	**ОКТ**	**НОЕ**	**ДЕК**
Чекор 1			**Чекор 2**	**Чекор 3**	**Чекор 4**		**Чекор 5**				**Чекор 6**

Предлог **ФОРМУЛАР** за граѓаните кои учествуваат во програмата „**Собирање на растителен отпад од обработливото земјиште**“		
Име и презиме:		
Пол:		
Возраст:		
Висина на приход од земјоделското стпопанство:		
Локација на обработливата површина::		
Количество на собран растителен отпад:	[m^3]	[kg]
Вкупна површина која се обработува:		[ha]
Култура од која потекнува раст. отпад:		

ТАБЕЛА СО ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ИНДИКАТОРИ за мерката „Собирање на растителен отпад од обработливото земјиште“						
Име и презиме на барател:	**Пол:**	**Возраст:**	**Локација на обработливата површина:**	**Висина на приход од земјоделското стопанство: [MKD/god]**	**Собран растителен отпад [m^3]**	**Површина од која е подигнат отпадот [ha]**
ВКУПНО:						

МЕРКА бр.4 Зазеленување со урбани шуми

ОПИС



Од осамостојувањето на нашата држава, градежниот бум во почетокот на 21 век, со тоа и „поплочувањето“ и „бетонирањето“, се појави потреба за озеленување на урбаните средини. Загадувањето на воздухот од процесите на урбаното живеење, како сообраќајот, греењето на станбените згради, загадување од градежните активности условува преземање на мерки со повеќедимензионални придобивки. Поради тоа, зазеленување на урбаните и руралните површини е непрекинат и тековен процес во нашата држава во последната деценија.

ПРЕДВИДЕНА МЕРКА



Планираната мерка предвидува засадување на дрвја кои имаат одлични апсорпциони карактеристики, а на кои им одговара климата која постои во општина Струга. Покрај апсорпционите особини за штетни гасови, одредени видови дрвја имаат можност за намалување и на PM честичките преку нивно физичко прифаќање (листови, стебло) и исфрлање преку дождот, како и фрагментација при струење на честичките. Мора да ја споменеме и улогата на засенчување на објектите при стратешко садење со што се намалува потребата за ладење на објектите. Се предвидува засадување на 100.000 дрвја на површини одобрени од општината кои би имале повеќенаменска улога. Акцијата треба да ги опфати сите слободни места кои моментално се голини или имаат грмушки и неквалитетни дрвја, како и просторот покрај улиците. Приоритетен статус во изборот да имаат јавни површини покрај градинки, школи, установи од областа на здравството и социјалната заштита, како и места концентрирани со сиромашно население. Ранливите категории граѓани живеат на ранливи места (места со поголема стапка на загадување) поради што се поизложени на аерозагадување (соседства со концентрација на домаќинства кои користат штетни извори на загревање, покрај диви депонии, и коридори).

ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА МЕРКАТА

Тип:	Техничка мерка
Сектор:	Зеленило
Цел:	100.000 дрвја
Финансиски средства:	15.000 ден/дрво 1.500.000.000 денари за остварување на целта
Емисии кои ќе се намалат:	PM2,5, PM10, CO, NO, NO_2, NOx, SO_2
Одговорна институција за реализација:	ЈП „Комунално“
Одговорна институција за следење:	Општина Струга - Одделението за заштита на животната средина
Индикатори:	- број на засадени дрвја; - број на учесници;

ПЛАНИРАНИ ЧЕКОРИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА МЕРКАТА:	
Чекор 1	Избор на површини за зазеленување (покрај коловози, неискористени голи површини и сл.). Приоритетен статус во изборот да имаат јавни површини покрај градинки, школи, установи од областа на здравството и социјалната заштита, домови за стари, како и места концентрирани со сиромашно население.
Чекор 2	Избор на соодветни дрвја за избраните локации. (помош од експерти од Национални шуми, Шумарски факултет и др.)
Чекор 3	Подготовка на теренот за засадување.
Чекор 4	Садење на дрвјата од страна на општината. Предвидено учество: јавни претпријатија, училишта, секции, невладини организации и претставници на индустриските компании.
Чекор 5	Индикатори: Анкета и мапирање на зелениот фонд. Број на учесници и број на засадени дрвја.

Во прилог е дадена предлог временската рамка за времетраењето на планираните чекори, за општината да може да ја спроведе оваа мерка. Општината има можности да одреди кога, колку долго и колку пати ќе ја спроведува оваа мерка согласно финансиските можности.

ПРЕДЛОГ ВРЕМЕНСКА РАМКА ЗА ПРИМЕНА НА МЕРКАТА											
ЈАН	**ФЕВ**	**МАР**	**АПР**	**МАЈ**	**ЈУН**	**ЈУЛ**	**АВГ**	**СЕП**	**ОКТ**	**НОЕ**	**ДЕК**
Чекор 1	**Чекор 2**	**Чекор 3**	**Чекор 4**	**Чекор 5**				**Чекор 5**			


Предлог **ФОРМУЛАР** за активности од мерката „Зазеленување со урбани шуми“	
Локација на зазеленувањето:	ул. бр.
Близина на локацијата на зазеленување до:	○ Градинка ○ Школа ○ Установи од областа на здравството и социјалната заштита ○ Локација концентрирана со сиромашно население. ○ Ниедно од наведеното
Датум на засадување:	
Број на насадени дрвца:	[дрвца]
Вкупна површина врз која се засадуваат дрвцата:	[ha]
Група/сектор/организација која ги сади дрвцата:	

ТАБЕЛА СО ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ИНДИКАТОРИ за мерката „Зазеленување со урбани шуми“

Локација	Број на насадени дрвца	тип на дрва	вид на садница [дрвца]	Површина врз која се садат дрвцата [ha]
ВКУПНО:				


МЕРКА бр.5 Субвенционирање на топлинска изолација на домаќинства

ОПИС



Постоечките објекти во општината во најголем дел се изградени во периодот 1960 -2010 година во кој период не се бараше објектите да имаат соодветни термички карактеристики. Во тој период објектите се градени со надворешни ѕидови со полна или шуплива цигла од двете страни премачкани со малтер. Таквиот ѕид има U вредност од 1.6-2 [W/m2K]. Поради тоа, при греењето на истите се троши големо количество енергија која пак условува голем трошок на гориво, кое во најголем дел е огревно дрво. Речиси третина од интервјуираните жители (31%) во општина Струга истакнале дека немаат никаква изолација на ѕидовите во нивниот дом а 40% немаат изолација на кровот во домот. 45% од испитаниците во Струга изјавиле дека нема веројатност да се одлучат за инвестиција во следните 12 месеци (најзастапена е возрасната категорија граѓани 55+ со 47%). (УНДП, 2023).

ПРЕДВИДЕНА МЕРКА



Се предвидува поставување на надворешна топлинска изолација на објектите кои имаат ѕидови со слаби термички карактеристики, како и поставување на топлинска изолација на покрив. Топлинската изолација се поставува со лепење на стиропор од надворешната страна на ѕидот и стиропорот се покрива со завршен минерален малтер. Поставувањето на топлинска изолација на покрив се поставува со налегнување на бали од минерална волна со различна дебелина во зависност од типот на таванот.

ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА МЕРКАТА

Тип:	Субвенција
Сектор:	Енергија
Цел:	1460 домаќинства
Финансиски средства:	61.000 ден/домаќинство 89.060.000 денари за 1460 домаќинства
Емисии кои ќе се намалат:	PM10, PM2,5, CO, SOx, NOx
Одговорна институција за реализација:	сектор Урбанизам - Општина Струга
Одговорна институција за следење:	Општина Струга
Индикатори:	- број на домаќинства корисници на мерката; - % на жени носители на домаќинства добитници на субвенција - % на лица над 55 години добитници на субвенции - % на социјално ранливи категории добитници на субвенција

ПЛАНИРАНИ ЧЕКОРИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА МЕРКАТА:	
Чекор 1	Решение на општината за висина на субвенција за оваа мерка. Висината на субвенцијата да зависи од категоријата ранливост. Поранливите домаќинства (со пониски примања) да имаат повисока субвенција.
Чекор 2	Дефинирање на параметри за избор на домаќинство (приходи, социјален статус, број на членови во домаќинство итн.). Воведување категорија ранливост во параметрите за дефинирање на домаќинства кои може да бидат корисници на овие субвенции - пример: домаќинства со ниски месечни примања, самохрани родители, повеќечлени семејства со ниски приходи, едночлено семејство на возраст 55+ со ниски приходи, жртви на семејно насилство, итн. Општинската комисија ќе ги одреди параметрите за дефинирање на ранливо домаќинство согласно структурата на население во нејзината општина.

Чекор 3	Објавување на конкурс за домаќинствата и оформување на општинска комисија за избор. Зголемување на видливоста и транспарентноста на Конкурсот и обезбедена поддршка за ранливи категории граѓани за упатување за прибирање и подготовка на бараната документација за апликација.
Чекор 4	Анализа и избор на пријавени домаќинства согласно бараните параметри. Собирање полово поделени податоци на апликанти и добитници на субвенции.
Чекор 5	Индикатори за мерење: Анкета пред и после доделување на субвенција.

Во прилог е дадена предлог временската рамка за времетраењето на планираните чекори, за општината да може да ја спроведе оваа мерка. Општината има можности да одреди кога, колку долго и колку пати ќе ја спроведува оваа мерка согласно финансиските можности.

ПРЕДЛОГ ВРЕМЕНСКА РАМКА ЗА ПРИМЕНА НА МЕРКАТА											
ЈАН	**ФЕВ**	**МАР**	**АПР**	**МАЈ**	**ЈУН**	**ЈУЛ**	**АВГ**	**СЕП**	**ОКТ**	**НОЕ**	**ДЕК**
Чекор 1	**Чекор 2**	**Чекор 3**			**Чекор 4**						**Чекор 5**

Предлог **ФОРМУЛАР** за граѓаните кои учествуваат во програмата **„Субвенционирање на топлинска изолација на домаќинства“**			
Име и презиме:			
Пол:			
Возраст:			
Социјална ранливост на домаќинство - Ранливи потрошувачи на енергија	Да / не		
Адреса на барателот:	ул.		бр.
Површина на надворешен ѕид:			[m^2]
Дебелина на топлинската изолација:			[cm]
Вид на топлинска изолација:	1) камена волна	2) стиропор	
Површина на таван/покрив:			[m^2]
Дебелина на топлинската изолација:			[cm]
Вид на топлинска изолација:	1) камена волна	2) минер. волна	3) стиропор

ТАБЕЛА СО ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ИНДИКАТОРИ за мерката **„Субвенционирање на топлинска изолација на домаќинства“**								
Барател: Домаќинство Име и презиме/	**Пол:**	**Возраст:**	**Адреса:**	**Ранливи потрошувачи на енергија:**	**Површина на надворешни ѕидови [m^3]**	**Дебелина на топлинската изолација [cm]**	**Површина на таван [m^3]**	**Дебелина на топлинската изолација [cm]**
				да/не				
				да/не				
ВКУПНО:								

МЕРКА бр.6 Набавка на механизација за чистење на улици

ОПИС

Секојдневното движење на жителите и возилата по улиците на градот како и самите енергетски, индустриски и градежни процеси во градот условуваат создава голема количество на прашина. Со користењето на улиците преку целиот ден, па и во ноќта, прашината се разнесува по коловозот, но и по околните површини.



ПРЕДВИДЕНА МЕРКА

Поради непрекинатото користење на улиците во текот на денот, се предвидува набавка на механизацијата за чистење на улиците во утринските часови. Овие машини, кои е препорачливо да бидат на електричен погон, поседуваат ротирачки метли и систем за вшмукување на прашината во резервоар кој има определена зафатнина. Исто така, и цистерните за миење на улиците се препорачува да бидат на електричен погон и да бидат опремени со контролирани прскалки на предниот и задниот дел на возилото. Изработка на план и динамика на чистење улици, во кој приоритетни области за чистење ќе бидат улиците покрај институциите од областа на образованието, здравствената и социјална заштита (градинки, школи, болници, центри за социјална работа).





ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА МЕРКАТА

Тип:	Набавка
Сектор:	Хигиена
Цел:	1 механизиран чистач – метларка и 1 цистерна за миење на улица
Финансиски средства:	6.100.000 ден/машина 12.200.000 ден за две машини за чистење и миење.
Емисии кои ќе се намалат:	PM2,5, PM10, TSP
Одговорна институција за реализација:	ЈП „Комунално“
Одговорна институција за следење:	ЈП „Комунално“
Индикатори:	- број на механизирани чистачи и цистерни; - изминати километри [km].

ПЛАНИРАНИ ЧЕКОРИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА МЕРКАТА:

Чекор 1	Дефинирање на параметри за избор на опрема.
Чекор 2	Решение на општината за висина на средства за набавка на опрема.
Чекор 3	Објавување на јавна набавка за избор на механизирани чистачи и цистерни.
Чекор 4	Анализа и избор на најдобрата понуда и набавка на опремата.
Чекор 5	Индикатори за мерење: Анализа на изминати km и работни часови на машините за чистење. Споредба на концентрации пред и после користењето.

Во прилог е дадена предлог временската рамка за времетраењето на планираните чекори, за општината да може да ја спроведе оваа мерка. Општината има можности да одреди кога, колку долго и колку пати ќе ја спроведува оваа мерка согласно финансиските можности.

ПРЕДЛОГ ВРЕМЕНСКА РАМКА ЗА ПРИМЕНА НА МЕРКАТА											
ЈАН	**ФЕВ**	**МАР**	**АПР**	**МАЈ**	**ЈУН**	**ЈУЛ**	**АВГ**	**СЕП**	**ОКТ**	**НОЕ**	**ДЕК**
Чекор 1	**Чекор 2**	**Чекор 3**	**Чекор 4**								**Чекор 5**

Предлог **ФОРМУЛАР** за јавното претпријатие кое учествува во мерката „ **Набавка на механизација за чистење на улици**“		
Име и презиме на возач:		
Должина на исчистени улици:		[km/годишно]
% од времето и должината на чистење улици покрај објекти од образование, здравство, социјална заштита		[часови]
Работно време:		[часови]
Потрошувачка на гориво:	Дизел:	[lit/год]
	Бензин:	[lit/год]
	Електрична енергија:	[kWh/год]

ТАБЕЛА СО ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ИНДИКАТОРИ за мерката **„Механизирани чистачи на улици“**					
ВОЗАЧ: Име и презиме	**Тип/модел:**	**Должина на исчистени улици [km/год]**	**Потрошувачка на гориво ДИЗЕЛ [lit/год]**	**Потрошувачка на гориво БЕНЗИН [lit/год]**	**Потрошувачка на елек. енергија [kWh/год]**
ВКУПНО:					

МЕРКА бр.7 Поставување на полначи за електрични возила

ОПИС

Постоечкиот возен парк кој се користи од страна на жителите на општината, според статистичките податоци, покажува дека 67% од возилата користат дизел гориво, 31% се возила кои користат бензин и 2% се возила кои користат течен нафтен гас (ТНГ) како гориво. Дизел моторите, кои се најзастапени во општината, создаваат висока концентрација на PM2,5 честички.



ПРЕДВИДЕНА МЕРКА

Согласно европските искуства, се предвидува дека во наредните неколку години ќе се зголеми бројот на електрични возила во општината. Оваа мерка предвидува поставување на полначи за електрична возила на неколку локации во општината. Полначите за електрични возила се предвидуваат да бидат со електрична моќност од 150 [kW] со можност за надградба до 220 [kW]. Со оваа електрична моќност, овие полначи се предвидени да извршат полнење на батеријата на електрично возило за 25 минути, или пак на две електрични возила во период од 50 минути.



ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА МЕРКАТА

Тип:	Техничка мерка
Сектор:	Транспорт
Цел:	3 полначи за електрични возила.
Финансиски средства:	3 600 000 ден/полнач[5] 10 800 000 денари за сите три планирани полначи
Емисии кои ќе се намалат:	PM2,5, PM10, CO, NO, NO2, NOx, SO2, NMVOC
Одговорна институција за реализација:	Сектор за економски развој - Општина Струга
Одговорна институција за следење:	Општина Струга
Индикатори:	- број на инсталирани полначи за електричнио возила; - преземени kWh на годишно ниво.

ПЛАНИРАНИ ЧЕКОРИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА МЕРКАТА:	
Чекор 1	Решение на општината за одредување на сума за реализација на оваа мерка.
Чекор 2	Дефинирање на параметри и услови за избор на локација за инсталирање на полнаците во соработка со ЕВН.
Чекор 3	Реализација на мерката.

[5] Полнач за електрични возила – 220 kW

Во прилог е дадена предлог временската рамка за времетраењето на планираните чекори, за општината да може да ја спроведе оваа мерка. Општината има можности да одреди кога, колку долго и колку пати ќе ја спроведува оваа мерка согласно финансиските можности.

ПРЕДЛОГ ВРЕМЕНСКА РАМКА ЗА ПРИМЕНА НА МЕРКАТА											
ЈАН	ФЕВ	МАР	АПР	МАЈ	ЈУН	ЈУЛ	АВГ	СЕП	ОКТ	НОЕ	ДЕК
Чекор 1	Чекор 2			Чекор 3							

ТАБЕЛА СО ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ИНДИКАТОРИ за мерката „Поставување на полначи за електрични возила“			
Електричен полнач:	Адреса:	Број на полнења:	Преземена електрична енергија [kWh/годишно]
Електричен полнач 1			
Електричен полнач 2			
Електричен полнач 3			
ВКУПНО:			

МЕРКА бр.8 Изградба на паркинзи на влез во градот

ОПИС

Проценувањето на нерезидентни возила кои циркулираат низ градот е многу тешко да се одреди без соодветни мерења и анализи на реални податоци. Во зависност од тоа во која мера градот го има развиено туризмот како дејност, а и во зависност од локацијата и важноста за поширокиот регион, овој тип на возила може да има значаен придонес кон емиисите во воздухот.



ПРЕДВИДЕНА МЕРКА

Оваа мерка предвидува дефинирање на локација на влез од градот, каде што нерезидентните возила ќе можат да се паркираат како нивните корисници би можеле да го посетат градот без да создаваат дополнителен сообраќаен метеж. При примена на ваков тип на мерка светските пракси покажуваат дека е потребно да се предвиди и начин за превоз од паркинзите до градот преку изнајмување на велосипед, електричен тротинет или јавен превоз.



ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА МЕРКАТА

Тип:	Инвестиција
Сектор:	Транспорт
Цел:	Паркинг за 300 возила
Финансиски средства:	202.950 денари/паркинг место[6] 60.885.000 денари за паркинг за 300 возила.
Емисии кои ќе се намалат:	CO, NOx, SOx, NMVOC
Одговорна институција за реализација:	ЈП „Паркови и зеленило - ЕКО Струга“
Одговорна институција за следење:	Општина Струга - Одделение за заштита на животната средина
Индикатори:	- број на возила кои го користат паркиралиштето;

ПЛАНИРАНИ ЧЕКОРИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА МЕРКАТА:	
Чекор 1	Дефинирање на предлог локации за избор на паркинг. Формирање на тим (општински вработени, сообраќајни инженери) за проценка на подобна локација.
Чекор 2	Објавување на јавен повик за заинтересирани деловни лица.
Чекор 3	Избор на компанија и почеток на изведба.

[6] Извор: КАТНИ ГАРАЖИ

Во прилог е дадена предлог временската рамка за времетраењето на планираните чекори, за општината да може да ја спроведе оваа мерка. Општината има можности да одреди кога, колку долго и колку пати ќе ја спроведува оваа мерка согласно финансиските можности.

ПРЕДЛОГ ВРЕМЕНСКА РАМКА ЗА ПРИМЕНА НА МЕРКАТА											
ЈАН	**ФЕВ**	**МАР**	**АПР**	**МАЈ**	**ЈУН**	**ЈУЛ**	**АВГ**	**СЕП**	**ОКТ**	**НОЕ**	**ДЕК**
Чекор 1	**Чекор 2**	**Чекор 3**									

Предлог **ФОРМУЛАР** за јавното претпријатие во однос на мерката „Паркинзи на влез во градот “		
Назив на паркинг објектот:		
Адреса:	ул.	бр.
Број на продадени билети:		[билети/годишно]
Искористеност од возила:		[возила/годишно]
Времетраење на престој:		[часови/годишно]
Зафатеност на објектот:		[возила/часови, годишно]

ТАБЕЛА СО ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ИНДИКАТОРИ за мерката **„Паркинзи на влез во градот“**					
Назив на објект:	**Адреса**	**Број на продадени билети: [билети/год]**	**Искористеност од возила [возила/год]**	**Време траење на престој [часови/год]**	**Зафатеност на објектот [возила/час год]**
ВКУПНО:					

МЕРКА бр.9 Изградба на велосипедски патеки

ОПИС



Секој транспорт на луѓе и добра е условен од растојанието меѓу почетната и крајната точка на пристигнување. Со влезот на половни автомобили од ЕУ на македонскиот пазар во 2010 година, нагло се зголеми возниот парк во државата, а истото важи и за градот Струга. Ова услови користење на возилата за секој вид на транспорт (од/до продавница, од/до училиште, од/до работа итн). Енормното користење на возилата во градот придонесе кон зголемени емисии на издувни гасови.

ПРЕДВИДЕНА МЕРКА



Оваа мерка предвидува градење на дополнителни велосипедски патеки низ градот со цел да им се овозможи на жителите безбедно користење на велосипед за извршување на нивните секојдневни активности. Градот веќе има започнато изградба и обележување на велосипедски патеки, но потребно е да се направат дополнителни велосипедски патеки за целосно поврзување на оваа инфраструктура низ градот. Оваа мерка е вообичаено мерка која дава резултати на долг рок. Мерката Изградба на велосипедски патеки треба да содржи компонента на родово-буџетирање на начин што велосипедските патеки треба да поминуваат до објекти од областа на образованието, здравството и социјалната заштита. Бидејќи жените се најчесто тие кои ги носат своите деца на училиште, до здравствените установи би се обезбедил безбеден и еколошки начин на пристап на жените и децата до овие објекти. Младите се иста така тука таргетирани во пристапот до образовни институции, додека пак социјално-ранливите категории имаат олеснет пристап до центрите за социјална работа, чии корисници се.

На овој начин се зголемува и еколошката мобилност и се зајакнува бихејвиоралниот фактор на користење еколошки средства за транспорт помеѓу младата и општата популација.

Мерката има двоен ефект: воведување еколошки пракси на транспорт но и социјална компонента за олеснување на еколошката мобилност на ранливите категории граѓани.

ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА МЕРКАТА

Тип:	Инвестиција
Сектор:	Транспорт
Цел:	Изградба на 5 [km] велосипедска патека
Финансиски средства:	1.722.000 денари/км[7] 8.610.000 денари за 5[km]
Емисии кои ќе се намалат:	CO, NOx, NMVOC
Одговорна институција за реализација:	Сектор за локален економски развој и заштита на животната средина
Одговорна институција за следење:	Општина Струга - Одделение за заштита на животната средина
Индикатори:	- изградени велосипедски патеки [km];

ПЛАНИРАНИ ЧЕКОРИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА МЕРКАТА:	
Чекор 1	Анализа на сообраќајот во градот, по сезони. Формирање на параметри за избор. Приоритет во планот за градење дополнителни велосипедски патеки да имаат велосипедски патеки со пристап до градинки, школи, објекти од здравствената и социјалната заштита.

[7] Извор: https://sdk.mk/index.php/dopisna-mrezha/vo-strumitsa-pochnaa-da-se-gradat-velosipedski-pateki-vo-vkupna-dolzhina-od-11-kilometri/

Чекор 2	Формирање на тим (општинари, сообраќајни инженери) за проценка на соодветни патеки.
Чекор 3	Објавување на јавен повик за заинтересирани деловни лица за изградба.
Чекор 4	Избор на компанија и почеток на реализација.
Чекор 5	Мерење на искористеност на патеката преку соодветни параметри.

Во прилог е дадена предлог временската рамка за времетраењето на планираните чекори, за општината да може да ја спроведе оваа мерка. Општината има можности да одреди кога, колку долго и колку пати ќе ја спроведува оваа мерка согласно финансиските можности.

ПРЕДЛОГ ВРЕМЕНСКА РАМКА ЗА ПРИМЕНА НА МЕРКАТА											
ЈАН	**ФЕВ**	**МАР**	**АПР**	**МАЈ**	**ЈУН**	**ЈУЛ**	**АВГ**	**СЕП**	**ОКТ**	**НОЕ**	**ДЕК**
Чекор 1	**Чекор 2**	**Чекор 3**	**Чекор 4**								**Чекор 5**

Предлог **ФОРМУЛАР** за мерката „**Изградба на велосипедски патеки** “			
Адреса:	ул.		
Близина на патеката до:	☐ Градинка ☐ Школа ☐ Установи од областа на здравството и социјалната заштита		
Тип на велосипедска патека:	1) дел од коловоз	2) дел од тротоар	3) посебна патека
Ширина на патеката:			[m]
Должина на патеката:			[m]

ТАБЕЛА СО ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ИНДИКАТОРИ за мерката **„Изградба на велосипедски патеки“**			
Адреса:	**ширина на патеката: [m]**	**должина на патеката [m]**	**% од должината на патеката која поминува до објекти од образование, здравство, социјална заштита**
ВКУПНО:			

МЕРКА бр.10 Зголемен градежен инспекциски надзор

ОПИС

Од 2000 година наваму, евидентно е зголемувањето на ново градбите во целата држава, па така и во општина Струга. Интересот за нови станови условува побрза динамика на изградба која пак во многу случаи создава проблеми од аспект на непочитување на правилата за градење од страна на градежните компании, што придонесува кон зголемени концентрации на загадувачки супстанции од градежните активности и тешката механизација.



ПРЕДВИДЕНА МЕРКА

Оваа мерка предвидува зголемени посети на градилиштата, со проверка на почитувањето на правилата на градење, на транспорт и на складирање на материјалите. Важно е да се создаде методологија на оценка, известување, предупредување и казнување на компаниите кои со своите активности ќе вршат локално загадување на воздухот и патната инфраструктура.



ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА МЕРКАТА

Тип:	Техничка мерка
Сектор:	Градежништво
Цел:	20 инспекции на градилишта во општината во една година
Финансиски средства:	Дел од работните задачи на инспекцијата, нема дополнителни трошоци
Емисии кои ќе се намалат:	PM2,5, PM10
Одговорна институција за реализација:	Инспекторат за животна средина - општина Струга
Одговорна институција за следење:	Општина Струга
Индикатори:	- број на инспекции; - број на изречени казни.

Во прилог е дадена предлог временската рамка за времетраењето на планираните чекори, за општината да може да ја спроведе оваа мерка. Општината има можности да одреди кога, колку долго и колку пати ќе ја спроведува оваа мерка согласно финансиските можности.

ПРЕДЛОГ ВРЕМЕНСКА РАМКА ЗА ПРИМЕНА НА МЕРКАТА

ЈАН	ФЕВ	МАР	АПР	МАЈ	ЈУН	ЈУЛ	АВГ	СЕП	ОКТ	НОЕ	ДЕК
Чекор 1	Чекор 2	Чекор 2	Чекор 2	Чекор 2	Чекор 2	Чекор 2	Чекор 2	Чекор 2	Чекор 2	Чекор 2	Чекор 2

Предлог **ФОРМУЛАР** за мерката **„Зголемен градежен инспекциски надзор“**	
Градежен инспектор:	
Назив на градба:	
Инвеститор:	
Градежна компанија:	
Адреса на градилиште:	ул.
Забележани пропусти :	- Не се прска со вода додека се прави натоварување и растоварување на материјали со ситна гранулација (песок, чакал итн.); ☐ - Не се врши покривање на корпата на киперите со церада; ☐ - Не се врши миење на тркалата на сите возила кои излегуваат од градилиштето; ☐ Дополнителни забелешки:

ТАБЕЛА СО ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ИНДИКАТОРИ за мерката „**Зголемен градежен инспекциски надзор**“					
Градежен инспектор:	**Назив на градба:**	**Адреса на градилиште:**	**Инвеститор**	**Градежна компанија:**	**Изречена казна:**
					да/не
					да/не
					да/не
					да/не
					да/не
					да/не
					да/не
					да/не
					да/не

МЕРКА бр.11 Поставување на фотоволтаични панели за училишта и градинки

ОПИС

Со употребата на информатички и електронски средства во училиштата, потребата за електрична енергија и понатаму се зголемува. Поради осцилациите на цената на пазарот, но и поради непостојаноста на снабдувањето на некои локации, потребно е да се размислува за дополнителни извори за снабдување со електрична енергија од обновливи извори.



ПРЕДВИДЕНА МЕРКА

Се предвидува инсталирање на PV панели на покривите од училиштата и градинките со што се овозможува искористување на бесплатната сончева енергија. Мерката ќе придонесе за снабдување на објектите со електрична енергија во дневни услови со покривање на потребите на енергија за осветлувањето и електронските уреди, додека при вишок добивка, ќе овозможи и снабдување на националната мрежа преку двотарифно електрично броило.



ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА МЕРКАТА

Тип:	Инвестиција
Сектор:	Енергетика
Цел:	40 [kW] на еден од општинските објекти
Финансиски средства:	17.500 ден/ 500W панел 1.400.000 денари за инсталација од 40[kW]
Емисии кои ќе се намалат:	PM10, PM2,5
Одговорна институција за реализација:	Сектор за локален економски развој и заштита на животната средина
Одговорна институција за следење:	Општина Струга - Одделение за заштита на животната средина
Индикатори:	- број на инсталирани фотонапонски панели во [kW];

ПЛАНИРАНИ ЧЕКОРИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА МЕРКАТА:

Чекор 1	Решение на општина за издвојување на средства за оваа мерка.
Чекор 2	Формирање на комисија за избор на објекти за реализација на проектот.
Чекор 3	Избор на објект/и.
Чекор 4	Подготовка на проектна документација.
Чекор 5	Изведба на инсталацијата на објектот.
Чекор 6	Проценка на добивките од мерката.

Во прилог е дадена предлог временската рамка за времетраењето на планираните чекори, за општината да може да ја спроведе оваа мерка. Општината има можности да одреди кога, колку долго и колку пати ќе ја спроведува оваа мерка согласно финансиските можности.

ПРЕДЛОГ ВРЕМЕНСКА РАМКА ЗА ПРИМЕНА НА МЕРКАТА											
ЈАН	**ФЕВ**	**МАР**	**АПР**	**МАЈ**	**ЈУН**	**ЈУЛ**	**АВГ**	**СЕП**	**ОКТ**	**НОЕ**	**ДЕК**
Чекор 1	**Чекор 2**	**Чекор 3**	**Чекор 4**			**Чекор 5**					**Чекор 6**

Предлог **ФОРМУЛАР** за мерката **„Поставување на фотоволтаични панели за училишта и градинки“**			
Назив на објект:			
Број на вработени	☐ Мажи ☐ Жени		
Број на деца/ученици	☐ Мажи ☐ Жени		
Адреса:	ул.		
Годишна потрошувачка на електрична енергија:		[kWh/god]	
Инсталирана моќност на фотоволтаични панели:		[kW]	
Годишно производство на електрична енергија:		[kWh/god]	
Тип на систем:		островски	двонасочно броило

ТАБЕЛА СО ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ИНДИКАТОРИ за мерката „**Поставување на фотоволтаични панели за училишта и градинки**“				
Назив на објект:	**Адреса:**	**Годишна потрошувачка на електрична енергија [kWh/god]**	**Инсталирана моќност на фотоволтаични панели [kW]:**	**Годишна производство на електрична енергија [kWh/god]**
ВКУПНО:				

